**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Првото продолжение на Дваесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 5 ноември 2008 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11, 15 часот**.**

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Јани Макрадули, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**Јани Макрадули:** Дами и господа пратеници,

Ја отворам Дваесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Кенан Хасипи, Иван Стоиљковиќ, Јован Манасиевски, Горан Ѓуровски, Љубисав Иванов Ѕинго, Стојан Андов, Арбен Џафери, Мендух Рачи, Али Ахмнети, Џеват Адеми, Фијат Цановски, Весна Бендевска и Љиљана Затуроска, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со претерес по **Предлогот за донесување на закон за придонеси од задолжително социјално осигурување, со Предлог на закон.**

Збор има госпоѓа Радмила Шекеринска, повелете.

**Радмила Шекеринска:** Благодарам господине потпретседателе, почитуван министре, почитувани пратеници,

Денес на дневен ред на оваа седница е еден исклучително важен закон што не би можел да се претпостави доколку јавноста може да ја погледне денешнава празна сала. Сметам дека во било која друга држава ова ќе беше дебата која ќе се водеше, со право, неколку месеци, ќе предизвикаше големо медиумско и политичко внимание. Кај нас, за жал, работите се помалку и наопачки. Понекогаш за маргинални прашања зборуваме на долго и широко и дебатираме со денови, предизвикуваме многу реакции кај медиумите, а сега кога добиваме закон кој ќе ги допре, кој ќе влијае на животите на сите вработени во Република Македонија и сегашни и идни. На некој начин реакциите на политичките партии, па дури и кај медиумите се минимални. Сметам дека тоа треба да се промени и јас се надевам дека денес ќе имаме навистина содржинска дебата која ќе им каже на граѓаните што ги очекува во следниот период. Се надевам дека можеби по некои прашања и ќе ја убедиме Владата да го промени својот иницијален предлог, иако нашето искуство како опозоција во ова Собрание, не ни дава шанси за оптимизам. Значи, се работи за закон кој се однесува на придонесите кои секој месец се одвојуваат од платата на секој вработен во Република Македонија.

Добро е што за прв пат добиваме еден закон кој ќе ги регулира овие прашања и тоа горе долу на еднаков начин за различните категории. Меѓутоа, има неколку прашања кои сметам дека бараат наша внимание. Веднаш ќе отидам на едно од клучните прашања кои ги отвори и Синдикатот во Република Македонија, различните синдикати, а кој особено ќе влијае на социјалната состојба кај граѓаните кои имаат најниски плати во државата. Значи со воведуваето на тн., систем на бруто плата ќе се промени начинот на исплата на платите и она што е прашање кое веднаш го постави Синдикатот, дали во тн., плата што вработениот ја носи дома и која ја прикажува Минситерството за финансии и Владата, дали во неа ќе бидат вкалкулирани и трошоците за превоз и за хранарина. Дали, кога зборуваме дека одреден вработен ќе прими 7800 денари, дали тоа подразбира дека во таа плата се вклучени и превозот и храната и дали на нив исто така ќе се плаќаат одредените придонеси. За жал, Законот сега остава на работодавачите тоа да го одлучат, што значи, да видам попластична и да бидеме поедностави за следење:

Доколку еден вработен кој работел до сега во текстилната индустрија и земал 7 иљади денари плата, меѓутоа на тие 7 иљади денари и уште 3 иљади и нешто за храна и превоз, дали сега со новиот законќе ги зема повторно 10-те иљади или со ваквиот закон ќе го стимулираме работодавачот да оди на исплата само на тоа што досега била нето плата 7000 денари. За жал, велам, Законот им остава на работодавачите тоа да го одлучат и што ќе ни се случи? Ќе ни се случи, особено кај работните места кои имаат многу ниски износи на плата, имате вработени кои работат за 4000, а земаат уште три иљади во дополнителни приходи по основ на превоз и храна. Ќе ни се случи сега работодавачот за да си ги скуси трошоците, особено земајќи предвид дека текстилната индустрија се соочува со сериозни проблеми, сега да каже, во ред јас ќе си ги платам сите давачки на државата и на работникот ќе ги дадам само 4000 денари. Тој проблем сметаме дека може да се реши доколку во ова Собрание се даде зелено светло за еден предлог кој пред извесно време го иницираше СДСМ, а кој барем во тој момент беше одбиен, а тоа е предлогот во Македонија со закон да пропишаме која ќе биде најниската дозволена плата која му се исплаќа на вработениот. Ние тогаш дадовме предлог таа да биде 8100, можеме да дискутираме за тој предлог. Меѓутоа, кога веќе воведуваме систем на бруто плата, кога веќе државата вели без разлика колкава е вашата реална плата, работодавачот ќе плаќа придонеси на околу 7500 денари, знажи кажуваме кој е минимумот од кој Владата не се откажува односно државата не се откажува, па дајте истата грижа за парите да ја покажеме и за вработените и да кажеме работодавачот не може да плаќа придонеси за износ понизок од 7500, ама исто така работодавачот не смее да исплати плата пониска на пример од 7500 денари. На таков начин ќе обезбедиме гаранции работодавачите да исплаќаат какви такви, малку повисоки плати, барем во секторите кои се трудоинтензивни.

Ако ги анализирате бројките што ги дало Министерството за финансии, ќе видите дека ако до 2008 година работодавачот исплаќал 19.681 денари за еден вработен. Од прилика толкави се платите на околуи 60 илјади вработени во Македонија, значи не зборувам за мал број на лица во нашата држава, туку навистина за една голема група на граѓани, 60 илјади на број. Ако до сега работодавачот исплаќал 19.681, тога значело дека вработениот дома ќе носи 13.800 денари плата. Значи 13.800 во џеб. Ако сега се примени ваквиот закон, за истите пари што ќе ги даде работодавачот 19.681 денар, платата која ќе ја земе работникот во џеб, ќе ја однесе дома ќе изнесува 13.382 денари или 420 денари помалку. Тоа јавноста треба да го знае, треба да знае дека со помалку пари овие 60 илјади вработени ќе си одат дома. Истото се однесува и на малку повисоките плати каде работат околу 80 илјади граѓани на кои трошокот на работодавачот им е речиси 23.000 денари, дома досега носеле 15.800, сега ќе носат 15.499 денари, повторно пад за некои 300 денари. Значи ова прашање ќе влијае на тоа со колку пари вработените ќе одат дома. За жал, за овие две крупни групи на вработени 60 илјади и 80 илјади вработени, тоа ќе значи помалку денари во џебот.

Она што сметам дека е многу лошо во Законот и кое апсолутно сметам дека мора да се промени, тоа е еден член кој вели дека работодвачот ќе ги врши исплатите на придонесите, ама случајно ако не плаќа, тогаш и тој ќе биде казнет, но ќе биде казнет и работникот. Целта на Владата, според она што ни го објасни министерот е да се поттикнат работниците да ги пријавуваат своите работодавачи доколку не им исплаќаат придонеси. Вака изгледа многу хумано, ги стимулираме луѓето да пријавуваат незаконско работење. Меѓутоа, почитувани колеги, почитуван министре, вработените и ден денс можат да го пријават работодавачот и тоа понекогаш и го прават, меѓутоа, ајде да бидеме искрени и да кажеме дека не е фер да очекуваме некој вработен кој работи за 4000 плата, работата му виси на конец, очекуваме од него да оди и да си го пријави работодвачот, а знае дека после тоа најверојатно ќе биде избркан од работа. И ние му велиме ако го пријавиш ќе ја изгубиш работата најверојатно, а ако не го пријавиш ние ќе ти пропишеме казна, ако не се лажам од 500 до 1000 евра. Ги тераме најзагрозените граѓани во нашата држава да бидат меѓу чеканот и ковалнната, или да избеат да останат без работа, со 4000 денари хранат семејство, претпоставувам не можеме ни да сватиме како е со 4000 денари да се прехранува семејство, а од друга страна ако не го стават вработувањето на коцка ние ќе ги казниме со 1000 евра. Сметам дека апсолутно Владата мора да се откаже од ваквата политика во која ги казнуваме жртвите, а реално малку ќе ги казниме тие кои се виновни. Затоа сметам дека Владата мора да размисли и оваа казна да ја тргне на страна.

На крај, сметам дека, ако веќе зборуваме за минимална основица, максималната основица треба да ја доведеме во прашање, има амандмани, по нив ќе дискутираме, меѓутоа сметам дека со овој закон мораме да водиме сметка да не ја платат цената социјално најзагрозените и второ да не ги удираме по грбот оние чија работа зависи од добрата волја на работодавачот. Благодарам.

**Јани Макрадули:** Благодарам.

Следен за збор е пријавен Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Пчитуван потпретседателе, почитувани колеги, почитуван министер,

Како што кажа претходно и госпоѓата Шекеринска, денес на дневен ред имаме мошне важен закон што за жал, според искуството на пратениците во Собраниската сала, не може да се каже дека кај пратениците побудува посебен интерес, додека кај граѓаните сигурно и за оние кои се вработени ќе предизвика посебно интересирање затоа што на некој начин се однесува на најважниот дел од работниот однос, а тоа се платите и придонесите од плати.

Законот е мошне комплексен, мошне сложен и опфаќа многу сегменти од работните односи и од целиот систем на социјално осигурување. За жал, Владата се реши и овој закон да го предложи во Собранието по скратена постапка, обидувајќи се да направи неколку дебати со социјалните партнери. Министерот кажа дека генерално, не целосно, се усогласиле со Синдикатот околу одредени ипрашања по однос на овој закон. Мислам дека е така и со работодавачите.

Според мене постојат три важни работи во оодност на овој закон. Тоа е што добиваат, а што губат работниците со овој закон, што добиваат а што губат работодавачите и трето, дали Владата е подготвена да го имплементира овој нов систем на плаќање на придонеси.

Во однос на тоа кои ќе бидат придобивките за вработените, за жал сеуште постојат могу нејаснотии и мислам дека треба сериозно да се вклучиме во дебатата, да не се случи откако ќе го донесеме законот и ќе започне неговата имплементација, да немаме одговор пред граѓаните зошто е тоа така направено. Значи, идејата да се воведе бруто плата, во смисла на тоа сите придонеси и давачки од плата да се плаќаат на едно место, е за поздравување. Тука да немаме дилеми. Меѓутоа, начинот на кој се предлага отвора одредени прашања кои за нас се симптоматини.

Во симулациите кои ги добивме од страна на Минситерството за финансии, а кои се однесуваат на тоа колку плата земаат сега вработените, колку ќе земаат со новиот начин на пресметка, за жал стои дека една категорија на вработени кои земаат нето плата од 11.000 до 18.000 денари, ќе им биде намалена платата, како нето плата, како износ што го носат дома. Таа категорија на вработени е некаде околу 240 илјади вработени според прегледот што ни го

даде Министерството за финансии. Мислам дека на некој начин се намалуваат правата на вработените, бидејќи ќе примаат понизок износ на плата отколку што примале досега.

Во однос на придонесите за Пензиско инвалидско осигурување, кај најголем број вработени исто така ќе дојде до намалување на плаќањата, што во основ ќше значи дека помали придонеси во перспектива. Веројатно ако сега кумулативно тоа не се зголеми, ќе значи помали пензии, кога вработените ќе ги остварат своите права од пензиското осигурување. Мислам дека тоа се однесува на најголемиот дел на категорија вработени, во прегледот што ни е даден од Министерството за финансии и мислам дека и тоа е една негативна страна на ова интегрирано наплаќање на социјалните придонеси. Значи, ќе се намалат придонесите за Пензиско инвалидско осигурување и ќе се намалат платите на дел од вработените кои работат.

Во однос на работодавачите или просторот што би го оставил овој закон во смисла на тоа да можат тие да направат заштеди и со тоа да отворат нови работни места кои потоа би придонеле за намалување на невработеноста, мислам дека можностите се многу мали. Најголемата заштеда, според овој закон изнесува околу 600 денари за еден работодавач и тоа е многу малку за да стимулира кумулирање на средства кај работодавачот за да отвори нови работни места. Мислам дека тој ефект со овој закон нема да се постигне и очекувањата ќе бидат минимални. Господине министре, овој закон нема да придонесе да се зголеми вработувањето во Република Македонија.

Бидејќи времето е кратко ќе се обидам само да ги нарпавам прашањата и веројатно ќе ми дадете одговор на оние прашања што ги поставуваме.

Во однос на системот на наплата предвидувате дека УЈП ќе го преземе целото менаџирање околу наплатата на придонесите. На комисија дебатиравме дали УЈП е подготвена, дали се направени делбените биланси со Фондот за ПИОМ и дали едноставно тој систем може да профункционира од 1.01.2009 година.

Второ прашање кое се отвора околу тоа дали системот ќе профункционира е неопходноста е по донесувањето на овој закон да се отвори процес на склучување на нови колективни договори и да се отвори процес на склучување на нови договори за работа со сите вработени. Ако земеме во Република Македонија дека постојат 400 илјади вработени, навистина тоа е сложен процес кој има време да се заврши за 40 дена. Затоа изразуваме и сомнеж во подготвеноста овој систем на интегрирана наплата на придонесите да започне од 1.01.2009 година.

Некои одредби од законот навистина за нас се неприфатливи. На пример уште една можност која стои со законот а која оди на штета на работниците е надоместокот кој сега го примаат за храна и за превоз, да не влезе во платата, а тој износ знаеме дека не е мал. Тука, вие ќе ми одговорите дека немате можност како Влада, да им наредите на работодавачите да ги интегрираат во платата. Но, ако сакавте тоа да се направи, имавте една друга момжност, а тоа е прво да го донесете законот за наниска плата. Упорно го одбивате предлогот на СДСМ да се донесе закон за најниска плата во кој сакале или не, ќе има простор платите да не се наплатата по основ ако работодавачите решат да не ги внесат надоместоците за храна и превоз. Мислам дека прво требаше да се донесе тој закон за најниска плата. Знаеме Република Македонија е една од ретките земји во Европа која нема закон за најниска плата. Се надевам дека во Владата има размислувања, ако не сакате да го прифатите предлогот на СДСМ, барем вие како Влада во најскоро време да го предложите овој закон.

Друга одредба од законот која што не е во ред е обврската работниците да ја известуваат Управа за јавни приходи дали им дале пресметка или не им дале пресметка ако не го направат тоа да биде казнет работникот. Дали вие на работникот му делегирате нова надлежност да работи за државата. Дали во Република Македонија нема инспектори кои примаат плата од буџетот на Република Македонија да ја вршат оваа функција и зошто ги терате вработените, дури ги казнувате ако не пријават дека не им дале пресметка дека им е исплатена плата. Само оправдување дека си работат и за себе не е во ред, бидејќи ќе содзаде многу проблеми во праксата и ниеден работник нема да се одважи да го пријави работодавачот, бидејќи постои можност да го изгуби работното место. Тоа, господине министер , треба да го имате предвид. Ние имаме поднесено амандман да се избрише овој член и се надевам дека ќе го прифатите. Благодарам.

**Јани Макрадули:** Благодарам.

За реплика е јавен гопсодинот Деркоски Оливер, повелете.

**Оливер Деркоски**: Благодарам господине потпретседателе.

Почитувани колеги, сакам да реплицирам на излагањето на господинот Марјанчо Николов на неколку аспекти. Јас ја разбирам потребата наСДСМ како опозиција комплтетно за критизерство за се што иде како предлог од страна на Владата, меѓутоа за некои работи, почитувани колеги и можете да се воздржите од критики. Затоа што, пред нас е предлог на законско решение кое дава една можност конечно во Република Македонија да се стави ред во една сфера во која што долги години не можеме никако да ставиме ред наназад сите бивши влади во оваа држава. За поздравување е донесувањето на еден ваков закон во Република Македонија.

Оние работи кои што ги образложувате на некој начин дека се маани на ова предлог законско решение, јас би ги разгледал на следниот начин.

Прво, очигледно е дека во Република Македонија треба да се стави крај на тоа, на сметка би рекол

на социјалниот мир се овозможува на некои луѓе во бизнисот да се збогатат енормно и треба конечно да се стави ред  во таа сфера. Истите дискусии ги слушавме, се сеќавам пред не цела година кога баравме одлагање на имплементација на законот за платен промет. Еве, помина една година и ништо не се случи. тие истите кои што го бараат тоа пролонгирање, сеуште немаат ништо сторено за да овозможат едно нормално функционирање на своите фирми. Значи, мора да влеземе малку похрабро во имплементација на вакви законски проекти за да овозможиме и на бизнисот на работодавците, меѓуота секако и на работниците поглема заштита на нивните права, а секако и поголема одговорност во исполнувањето на нивните обврски.

Она што постојано го потенцирате и на комисиската расправ и овде на пленарната седница за задолжителното влегување на таканаречените исплати за храна и превоз задолжителнио да се внесе во законот како задолжителна исплата практично е невозможно, затоа што и самите знаете дека Законот за работни односи дава можност на секој работодавец да исплати храна во топол оброк. Значи, да орагинизира сопствена менза во која што ќе нуди храна на секој свој вработен. Значи се залагате за едно решение кое што практично е неприменливо.

Од тие причини и во понатамошната расправа, затоа што знам дека сите што ќе дискутирате расправата ќе ви личи една надруга, би ве замолил малку постудиозно да влегуваме во расправа по ова прашање. Благодарам.

**Јани Макрадули:** Благодарам и јас.

За контра реплика е јавен госпдинот Николов Марјанчо, повелете.

**Марјанчо Николов:** Господине Деркоски, не е критизерство, ние поставуваме прашања, а тоа ако вие сте убедени дека концептот ќе функционира требаше да се пријавите за збот и да го браните концептот. Вака, јавување само нас да не напаѓате дека зборувам колку нешто да кажеме навистина не е во ред и ако сте убедени викнете ги колегите и дајте да дебатираме овде во Собранието. Немојте за се што ние зборуваме, вие упорно да префрлете дека нешто зборуваме колу да зборуваме. Праксатата покажува Законот за платен промет од 1.01 ќе стапи  одредбата да не се врши плаќањето  на компензации ако ви е блокирана сметката. Како тогаш ќе им обајсаните на фирмите  зошто го донесовте тоа. А, околу надоместокот за храна и превоз донесете најниска плата, направете ја најниската плата да не биде пониска од сега што е, да биде вкалкулиран надоместокот за храна и превоз, ќе го решите проблемот  многу лесно.

**Јани Макрадули**: Благодарам.

За реплика е јавен господинот министер за финансии Трајко Славески,

Повелете,

**Трајко Славески:** Благодарам потпретседателе,

Почитувани, во врска со она што беше изнесено и од претходната дискусија на госпоѓата Шекеринска, симулациите се симулации. Тоа е наблиску до она што може да се случи во реалноста, а всушност многу работи како што и сега се одлучуваат на она што се нарекува пазар или пазарна работна сила, ќе продложат и понатаму да се одлучуваат, во зависност од околностите во некои дејности коњуктурата, во некои дејности растот на продуктивноста итн., остварената добивка или приходот ако сакате се дели на различните актери или носители на факторите за производство на трудот, капиталот итн. Тука ниту една држава во светот не може докрај да ги изрегулира тиое односи. Постојат на чини  на регулација, пазарите на работна сила се високо регулирани и кај нас и јас со сигурност можам да ви кажам дека заради таа симулација или она што е тука покажано и што треба само да послужи да ја видиме шумата односно големата слика, никој нема да остане со пониска плата отколку што  ќе има на 31 декември оваа година, заради оваа промена. И да е така кај некои категории, всушност, фактот што ќе се плаќа продонес на поголема основица за пензиско осигурување, затоа што се вклучени две категории кои што досега беа исклучени и создава низа проблеми во реалниот живот, каде што дојдовме до ситуација дури 25% да се бара да изнесува надоместок за хранарина од просечна плата , нешто што е апсурдно и го нема никаде во светот, замислете семејствата ги издржуваме со просечна плата, а сега за тоа што доаѓаме и поминуваме 8 часа на работа бараме 25% од таа просечна плата за еден оброк, кој што може да биде организиран од страна на работодавачот као топол оброк.

Втората поента што сакав да ја спомнам е всушност  е едно дообјаснување кое што можеби ќе придонесе за подобро разбирање од страна на подносителите на амандманот и тој ќе биде повлечен како што беше тука спомнато. Имено, за казните или санкциите и за работодавачот и за работникот , доколку не се плаќаат придонесите.

Ова е сведено на теоретска можност во практиката со одредбите на овој закон, затоа што не ќе може да се испалти плата а да не се платат придонесите. Нема казна за работникот доколку не го плати придонесот односно придонесот не е платен, а такава санкција може да постои затоа што тој е обврзник како и секаде во светот и во овој закон обврзник за плаќање на придонесите е работникот. За да го заштитиме на време. Доколку  во исклучителни случаи работаодавачот одбие да му плати придонес или погрешно го пресмета, ние му даваме во форма на заштита да делува  превентивно и на некој начин да сигнализира дека придинесите или не се плаќаат или не се плаќаат во целосен износ. Благодарам.

**Јани Макрадули:** Благодарам и јас.

За контра репли ае јавен господинот Николов Марјанчо, повелете.

**Марјанчо Николов:** Значи, сега со излагањето на мнистерот имаме контрадикторна ситуација. Претходно колегата Деркоски не обвинуваше дека џабе сме барале да влезе надоместокот на храна и превоз бидејќи не сме можеле да ги натераме работодавачите. Министерот ни објасни дека во симулациите што ни се дадени од Владата тие се внесени. И сега, што е точно. Зачи ќе се види на 1. 01 или во февруари кога ќе почнат вработените да ги примаат личните доходи по новиот систем за придонеси кој е во право. Што ако испаден дека ќе земаат পониски плати и згора на тоа да не влезе надоместокот за храна и превоз во овие примамања. Така што господине министре, има многу отворени прашања.

**Јани Макрадули:** Благодарам.

Следен за збор е господинот Аднан Јашари, повелете.

**Аднан Јашари**: Ви благодарам господине потпретседател.

Почитувани колеги пратеници, почитуван министер.

Дозволете ми на почетокот да ја поздаравам Владата и предлагачот за еден ваков предлог, иако мојата оценка дека ние како држава можеби во оваа насока доцниме, бидејќи многу држави во транзиција овие закони по содржина се идентични и се донесени во 1992-1993 година односно по почнувањето на процесто на радикалните измени. Треба да се нагласи дека еден ваков закон, на пример, во Чешка е донесен во 1992 година, во Полска во 1994 година итн.

Вчера внимателно го сослушав експозето на министерот и јас ќе се сконцентрирам на две три места и ќе нагласам дека зошти доцниме со еден ваков предлог закон. од рпичина што по деведесетите години со отпочнување то на процесот на транзиции во Македонија, знаеме дека се измени тоа што го нарекуваме доминантна форма на сопственост , Македонија од еден систем каде доминираше државната сопственост премина во таканаречена приватна сопственост, иако велам не сакам да го нагласам тоа дека не е присутна државната сопственос. Поаѓајќи од овој аспект пред деведесетите години во Република Македонија како и во другите држави во транзиција беа економските субјекти од државен карактер, каде државата преку механизмите или разни инструменти настојуваше на еден начин да реализира некои од потребите на вработените во овие субјекти. Измената на оваа форма го измени и карактерот на трговските субјекти. Трговски субјекти во поголем дел и во Република Македонија не се од државен карактер, иако има и државни субјекти, па во оваа насока оценувам дека по овој период требаше да се направат заложби и овој дел или овој сегмент да се усогласи со начелата, кои на еден начин се присутни во сите пазарни економии.

Како и да е уште еднаш ќе го поздравам предлагачот за овој предлог , бидејќи ценам дека можеби зборот кој се употребува во народот никогаш не е доцна за понуданиот предлог со кој се сака со еден закон да се уредат сите придонеси од задолжителното социјално осигурување е прв закон или ше биде прв закон од оваа природа или од овој карактер во нашиот правен систем од причина што до сега придонесите се уредуваа со неколку закони, но и со подзаконски акти. Додека многу сегменти или делови кои сега се предвидуваат да се уредат со законски одредби, до сега се уредуваа со подзаконски акти.

Од овој аспект и претходно се нагласи и се поздрави една систематизација на правните одредби со кои се уредуваат сите придонеси кои во иднина ќе ги плаќаат сите лица кои таксативно се опфатени или се нагласени во овој предлог закон. Законот во себе опфаќа многу новини. Најнапред освен што предвидува поимот задолжителни придонеси, овој поим го разликува од едно друго именување кое малку беше познато, како што е плаќач на придонеси или така што се вели изготвувач или пресметувач или плаќачна придонеси.

Уште еднаш ќе повторам, мислам дека во оваа насока се прави една јасна дистинкција помеѓу обврзници и плаќачи, што ценам дека новина во овој сегмент.

Второ, што оценувам дека е новина е утврдувањето на основицата за пресметка на придонеси и за разлика од тоа што беше до сега во оваа насока има измени и овие измени ќе речам дека се дефинитивно усогласени со сите држави каде постои еден ваков економски систем односно каде постои пазарна економија. Во оваа насока оценувам дека овие одредби треба да се подржат од сите нас, од причина што дефинитивно ние овде во Република Македонија ова прашање го усогласуваме со системите со развиена пазарна економија.

Како трето, исто така, за мене е новина едно прашање кое е од големо значење, а кое е во однос на прашањето на процентот за пресметка и плаќање на придонеси. Вистина е тоа дек пред извесно време Владата со одлука го намали линерно процентот за пресметка на придонесите во Република Македонија и сега оваа одлука е вградена во законот и од една одлука како подзаконски акт сега дефинитивно имаме одредби или законски норми во кои како што се предвидува со законот на јасен начин со еден, јас би го поздравил, говорам за мене, се оди во насока на намалување на овој процент година по година, така што од 21% придонеси кои се фаќаат сега засега, говорам за пензиско и инвалидски осигурување од 1 јануари ќе имаме по 10% намалување, додека во 2010 намлување ќе имаме до 16%. Во оваа насока или на овој на!чин линеарен имаме намалувањена процентот за други придонеси како што се придонесите за задравствено осигурување, за вработување итн.

Тоа што посебно треба да го поздравам и што малку се нагласи вчера од министерот, но и

денес од излагачите е прашањето на надзорот на реализирањето на овие придонеси. Зошто го нагласувам овој факт. Овде ќе се задржам малку повеќе.

Од моето искуство како републички инспектор за даноци околу 7 години во УЈП, овде е и мојот колега кој нормално го поздравувам, констатирав или ќе ви дадам неколку факти кои сум ги констатирал дека во многу случаи каде врШаевме увид на реализацијата на даноци, не сме имале право да направиме реализација или да контролираме реализацијата на придонесите. Тоа од причина што правниот систем беше таков и ние како УЈП или како инспектори немавме право да прегледуваме или да правиме надзор на кој начин се остварени придонесите.

Во оваа насока треба да се нагласи дека многу економски субјекти во Република Македонија за жал ги имаат злоупотребено овие законски недоречености и направиле плаќање на придонеси за здравстваено осигурување, додека придонесите за пензиско и инвалидско осигурување за нивните вработени не ги имаа реализира или исплатено. Иако ние во текот на увидот или контролите не сме имале можност да превземеме одредни мерки или да предвидуваме одредени санкции од причина што едно такво однесување не ни дозволуваат законите овде во Република Македонија.

Со овие измени со кои семенува целиот систем на исплата на придонеси се создава еден востински механизам преку кој сега на УЈП и овде би ја нагласил посебно даночната инспекција, им се дава простор при финансиските увиди за реализирање на даноци да вршат увид и врз исплатата односно пресметката на сите придонеси, при што ќе се отстрани дефинитивно еден негативен феномен за нашето општество. Затоа, ценам дека ова е би рекол едно големо постигнување кое е отсликано или уредено со одредбите на овој закон. Тоа што исто така би сакал да го нагласам во останатово време е тоа дека, поаѓајќи од тоа што го реков претходно дека законодавецот го разликува поимот обврзник и плаќач.

Се предвидува со неколку закони кои се приближно исти по содржина казнени санкции само за плаќачите на придонеси, обврзниците, доколку евентуално обврзникот не направи пресметка и исплата со настојување обврзникот на придонесите да може да реализира едно право, како што е исплатата на придонеси, имаат право да ја информираат Управата за јавни приходи, што ценам, дека би рекол не само од хуман аспект, туку и од правен аспек е во ред. Затоа во оваа насока, мислам дека не треба да има никакви дилеми. Уште еднаш ќе повторам дека ние ќе го подржиме овој закон, бидејќи верувам дека е закон кој е присутен во сите држави со развиена пазарна економија. Ви благодарам.

**Јани Макрадули:** За збор се јави госпоѓа Марку Јулиета, повелете.

**Јулиета Марку:** Благодарам почитуван господине потпретседател, почитуван господин министер, почитувани колеги,

Што се однесува на Предлог законот за плаќањето на придоеси, постојат многу причини за донесувањето на овој закон, со кој што ќе се уредат обврските за плаќање на придонеси и истовремено ќе се направи и финансирање на системите, како што е системот за Пензиско и инвалидско осигурување, врз основа на исплаќањето на платата, задолжителноста на социјално осигурување, здравственото осигурување, осигурувањето на невработените итн. Сите овие приходи се приходи во Фондот за здравствено осигурување, Фондот за Пензиско и инвалидско осигурување и во Агенцијата за државни службеници. Обврзник на овие придонеси ќе бидеат лица кои што се во работен однос, кои што јасно се поделени според категориите во членот 7 од овој Предлог закон.

На овој начин, со овој Предлог закон се овозможува уредување на обврските за плаќање на придонеси за задолжително социјално осигурување, дефинирање на процентот, врз основа на платата. Што значи, истовремено се овозможува транспарентен систем, кој што ни недостасувал долго време и тука сакам да истакнам и јас, како и претходниот колега кој што говореше пред малку и јас сум работела како контролор на приходите во здравствено осигурување и секогаш сме наидувале на многу проблеми, затоа што државните претпријатија, поинаку ги пресметуваат придонесите, додека оние приватните, на кои што пресметката им ја вршеа приватни економисти, ја правеа таа пресметка поинаку. Истовремено, имаше и злоупотреби. Тие мислеа дека ги имаат платено придонесите, додека пак економистите всушност им ги немаа платено, или пак работодавачот.

Со овој закон, се овозможува транспарентен систем по кој што различните субјекти, ќе ги добијат неопходните инфорамции, со тоа што ќе го имаат на увид овој закон за објаснување за јавноста. Значи, со измената на овој закон ќе се менува пресметката на платата, обврзникот за плаќање на придонеси е работникот, додека работодавачот ќе ги плаќа придонесите на име, и на сметка на работниците. Тогаш, платените придонеси ќе бидат прикажани, докажани на напишан начин во пресметката за платата. Работниците, или обврзниците ќе имаат јасен преглед за тоа колкава е нивната обврска, коклку е исполенета нивната обврска и ќе имаат поголем интерес да вршат притисок, работодавачот да ги плати придонесите редовно на нивно име и на нивна сметка. Благодарам.

**Јани Макрадули:** Ви благодарам и јас.

Следен за збор по листата на пријавени сум јас.

Почитуван министре, почитувани пратеници,

Јас се спремав овие денови, се надевам дека господинот Дерковски нема да го сфати ова како критизерство, туку како обид да појасниме некои работи.

Прво, би сакал да го пофалам Министерството и министерот што на барањето на Комисијата да се доставаат дополнителни информации, истите беа доставени до Собранието и оваа е ретка можност кога на барање на пратениците да се добиваат дополнителни информации.

Притоа, дополнителните информации што ги добивме според мене, се разликуваат малку од оние што ги пишува во законот и затоа сакам да продискутирам малку.

Прво, да видиме дали е навистина драстична промената во однос на она како што сега се плаќаат придонесите и сега, со последните плати, значи, со декемвриските, нашиот работодавач ни дава едно ливче, каде што вели дека се платени придонесите. Нема ни потпис, ни печат, ние мислиме дека е така. Замислете кога еден работодавач во јануари тоа ќе му го покаже на еден нискоквалификуван работник. И тој ќе мисли дека се платени придонесите. И ние мислиме дека се платени. Ова е ливчето што реално, во овој момент нашиот работодавач, претседателот на Собранието Трајко Вељаноски ни дава плата. Во јануари, исто Трајко Вељаноски ќе ни даде плата. Значи, нема никаква разлика да има. Единствено, што јас можам да бидам казнет, ако Трајко Вељаноски не даде плата и не ми ги плати придонесите.

Втора, една лажна дилема што постои во јавноста, во Република Македонија и сега не можете вие да поделите плата, ако не сте платиле придонеси. Управата за јавни приходи, така е господине Дерковски, се вика ПДДМП, ако вие ова го немате, не можете да поделите плата. Значи, како е сега во Македонија. Фирмата оди во Пензиско и инвалидско осигурување по електронски пат, плаќа придонеси, добива од назад вирман, одите во банка, плаќате со вирманот придонеси за пензиско, за здравствено во Агенцијата за вработување и ако немате придонеси вие не можете да поделите плата. Така е сега во Македонија. Во јануари ќе биде исто така, бидејќи согласно Законот, обврзник за плаќање, за пресметка и уплата на придонесите е работодавачот. Значи, кај нас повторно ќе биде тоа, господинот Трајко Вељаноски. Затоа, можеби законот треба да пропише, се надевам дека тоа ќе биде во дополнителниот подзаконски акт, што ќе го пропише министерот како да изгледа еден ист терк да имаат, како што постојат ПП обрасци и вакви ПДД, да постои ист образец за сите во Република Македонија. Да знаат дека се платени навистина, придонесите.

Втората дилема што овој материјал, инаку, овој квази концепт на бруто плата, бидејќи истиот обврзник плаќа плата. Значи, Трајко Вељаноски придонесите треба да ги плати и во декември 2008 и во јануари 2009 година. Тој е одговорен дали ќе се плаќаат придонесите и тој веројатно, ќе ни го даде истиот овој лист. Она што го прави различно образложението од Законот е дека, според образложението тоа плата што ќе однесе дома работникот, пишува дека го добива како нето плата надоместокот за храна и превоз. Тоа во законот го нема. Тоа што вие го имате во образложението и во симулацијата, тоа во законот го нема. И затоа, со амандман го бараме.

Потоа велите дека платата, она што го исплаќа работодавачот не смее да биде повеќе од она што го дал во декември 2008 година и платата на работникот, исплатената, не смее да биде помала од она што имал во декември 2008 година. Значи, не може да има поголема плата и не може да има помала, а вие во вашата симулација, за тоа зборуваа колегите Шекеринска и Николов, вие во вашата симулација за 241 илјада 602 вработени велите дека ќе имаат помала плата. Знаете господине Дерковски кој ќе има поголема плата? Оние најголемите, најбогатите. Тие во Македонија што имаат плата над 60 илјади денари, во време на СДСМ плаќаа 24% данок. Сега плаќаат 10%. Сега, со оваа промена на придонесите тој ќе заштеди и ќе има раст на платата од 1.900 денари, тој што има најголема плата. Значи вие сите законски мерки што ги носите одат во прилог на олигарсите, а одат на штета на работниците.

Трета работа што ова образложение ми отвори дилема е тоа што овде вие пресметувате 1,4% продонеси за вработување. Во законот пишува 1%. Значи, за конската материја што ви е во член 30, во член 30 пишува дека е 1% за задолжителен придонес за осигурување во случај на невработеност, а во пресметката ви е 1,4%. Добро, затоа ми се јави таа дилема.

Треба да ни одговорите, зошто даночното ослободување од 2.400 го подигнувате на 7.000 денари и врз база на тоа се правени пресметките и за тоа, треба да добиеме информација и што ќе се случи, бидејќи досега законска обврска беше за работниците кои што имаат помала плата од просечната, или од 65% здравствено на 50% што се остави, придонесите, ако примал 5.000 денари плата, а просекот е 7.500, до 5.000 денари придонесите ги плаќаше работникот, а од 5.000 до 7.500 ги плаќаше работодавачот. Сега, во брутото кога ќе влеземе се ќе оди на товар на работникот? Мислам дека таа дилема треба да ја расчистиме и треба да ја знаат вработените.

Инаку, концептот на бруто плата го поддржувам, ама на чиста бруто плата концепт и овој концепт на собирање на сите придонеси на едно место е концепт што почна уште пред 2006 година со разговори со Светска банка и да потсетам дека електронското пријавување на придонесите во Пензиско и инвалидско осигурување е од 01.01.2006 година. После три концепти на бруто плата, каде што работникот ги плаќа придонесите, најдобар во светот по сите мерки, јас колку што сум читал и сум се спремал, без да критизирам е тој, кога јас ќе ја овластам мојата банка на која што ја добивам бруто платата, таа да ги плаќа придонесите. Можам да го овластам мојот работодавач да ги плаќа придонесите, што е најлош, а тоа го имаме сега и вториот не е најлош, тој е среден, и вториот, кога јас ќе сакам да располагам со моите придонеси, што мислам е опасно за една земја во која што заради

ниските примања и ниските плати, работниците може ќе се определат да не плаќаат никакви придонеси и тогаш да имаме хаварија во системот.

Друго е што можеме да се жалиме на услугите што ги добиваме во здравството, дали одговараат и затоа мислам не само овој пакет на минимална плата што треба да се донесе, треба да се донесе и различен пакет на здравствени услуги, врз база на тоа што од некои луѓе навистина добиваме повеќе пари во државата и тие треба да имаат подобра здравствена услуга.

И на крајот, кога зборував за дополнителните придонеси, се извинувам заборавив, сега во поедини градови од бруто платата се одвојува исто и за некои водостопанства, во Скопје 0,5% се издвојува за водостопанство. Дали тие остануваат во сила, бидејќи ги нема во законот, или е тоа дел од нешто што потоа можеби ќе се регулира со подзаконски акти. Се обидов цело време да имам инжинерски пристап кон проблемот и на крајот да завршам од тој аспект. Инжинерски или гледано од софтверски аспект вие кога ќе го донесеме овој закон денеска до први јануари тоа не можете да го завршите. Миграцијата на софтверот што ја викам од Пензиско и инвалидско осигурување во Управата за јавни приходи не може да се заврши. Останува дилемата дали во подвижниот или недвижниот имот што ги велите влегува во и софтверот и хардверот. Ако ги сметате софверот во недвижен или подвижен имот, тогаш ќе се отвори дилемата за лиценците што некои имаат оперативен систем купено лиценца во Пензиско и инвалидско осигурување. Таа не можете со закон да ја префрлите во Управата за јавни приходи. Треба да побарате дозвола, треба тоа да го решите. Или пак, софтверската, платформата што постои во Управата за јавни приходи не е баш компатибилна идеално со она што го има во пензискиот систем и вчера гледав на телевизија имаше дилема за квалитетот, јас не сакам да навлегувам во тоа дека и во Управата за јавни приходи може тоа да се направи. Инаку јас мислам дека една независна институција која што ќе ги собира сите тие работи е идеалното решение. Затоа, не мислам дека овој закон нема да има финансиски средства на страната на Буџетот за да се реализира ова, како што пишува во законот. Овој закон без дополнителни средства, не може да се реализира. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Реплика има госпоѓа Авировиќ Владанка, повелете.

**Владанка Авировиќ:** Благодарам претседателе.

Повеќе да се расчисти една дилема, отколу права реплика. Бидејќи колегата во делот каде што имаме задолжително давање на податок на вработените дека имаат работодавците платено придонеси, значи, во овој закон за придонесите за социјално осигурување, членот 22 стриктно донесува една нова измена, а тоа е дека задолжително работодавецот по исплатата 15 дена на платата, или на дел од платата е должен заверена пресметка да даде до работникот. Исто така, е должен во ставот 2 од членот 22 на крајот на годината, најдоцна до 15 февруари наредната година да даде задолжително заверено пресметка за целокупната исплата на придонесите за секој работник и поединечно. Значи, се губи дилемата дали и понатаму ако добиваме една таква пресметка без печат е валидна. Значи, сега е задолжението да даде заверена писмена пресметка, со што сметам дека во голем дел работодавците не може да ги манипулира повеќе вработените, што се случуваше впрочем во претходните изминати години, каде што цели гиганти од работни претпријатија, работодавците со години не им плаќаа придонеси на вработените, така да тие дури и сега се наоѓаат во една тешка ситуација, нерешлива би рекла, дека немаат платено придонеси за Пензиско и инвалидско осигурување и не можат луѓето да си одат во пензија. Значи, овој е голем исчекор напред, е за поздравување ваквото решение и сметам дека со измената која што ќе следи во другите законски акти, навистина ќе дојдеме до едно оптимално решение. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Контра реплика господинот Макрадули Јани, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам, јас се согласувам дека треба уште многу, тоа го кажа министерот во излагањето, дека треба уште неколку законски акти да се донесат, ама со времето, мислам дека не сме во комоција.

Второ, не зборував колешке за Силекс. Значи овој закон не се однесува на тие што не плаќаат придонеси. Ова се однесува на оние што плаќаат придонеси. Од каде знаете дека она што ни го дава господинот претседател е во ред. Кој ќе ја завери и кој ќе ја пресмета. Затоа велам за да нема дилема меѓу работниците, да има унифициран документ ПП 78 некој. Тоа да важи за цела држава. Инаку, ова што ми го даваат мене, што ни го даваат нас за плата ниту има печат, ниту има потпис. Можеби е така, можеби не е. Што прават оние што се плашат и што работат за 5,000 денари. Тоа е нашата дилема. И затоа бараме да има некој унифициран документ. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор госпоѓа Мираковска Соња, повелете.

**Соња Мираковска:** Почитуван претседателе, почитуван господин министер, почитувани колеги,

Пред нас е многу сериозен закон кој се однесува на нас, но и ќе се однесува на идните генерации. Затоа, потребно е големо внимание од нас. Јас повторно ќе кажам дека овој закон навистина, не заслужуваше, некој од колегите спомна, да се носи по скратена постапка. Требаше овде во Собранието да му се даде повеќе простор и време и ние пратениците да се запознаеме со него и да можеме малку потемелно да работиме на законот.

Многу е јасна намерата за носењето на законот. Тоа е унифицирање на определени категории социјални придонеси и давање основ за интегрирана наплата од страна на Управата за јавни приходи на средствата за придонесите како јавни давачки и вршење на контрола од страна на Министерството за финансии. Можеби Владата токму заради тоа се одлучила, тоа се причините зошто Министерството за финансии го става во улога на предлагач на овој закон, од причини што креирањето на социјалната политика во државата во најголема мера е во надлежност на Министерството за труд и социјална политика, а еден дел и на Министерството за здравство.

Сметаме дека како претставници и повереници на законот секако треба да бидат и министерот за труд и за социјална политика, а исто така и министерот за здравство, затоа што од нив би очекувале за ваков законски проект во кој практично гледаме еден сосема нов пристап во социјалното осигурување во делот на придонесите, не би било сериозно ако ресорните министри, покрај министерот за финансии, не ни дадат образложение како ова ќе се одрази, како овие политики и нивните решенија ќе се одразат во нивните ресори, односно врз осигурениците во социјалното осигурување од задолжителен карактер.

Во делот кој се однесува на преземање на интегрираната наплата кај Управата за јавни приходи сметаме дека целата идеа за спроведување на ова решение е избрзана и многу нереална. Ако го погледнете член 34 и член 37, ќе видите дека без никаква рамка многу што е напишано, дека движен и недвижен имот ќе помине од фондовите во Управата за јавни приходи, и тоа не знам дали е грешка минситре или така го предвидувате, со состојба на седмиот ден од влегување на сила на овој закон, а комисијата која тоа треба да го дефинира треба да се формира во рок од  пет дена. Значи на таа комисија и остануваат само два дена за да може практично таа состојба да ја констатира и врз основа на тоа да помине трансферот на движниот и недвижниот имот, што мислам дека е невозможно. Исто така, создавате еден вакуум. Се поставува рпашањето кој ќе врши контрола кога веќе овој закон ќе се примени од 1 јануари 2009 година, кој ќе врши контрола во ноември и декември, што ќе се случува тие два месеци.

Наша многу сериозна забелешка е во делот на фианнсиските импликации, во делот на финансирањето на овој проект. Вие тврдите дека нема финансиски импликации. Сметаме дека тоа не е точно, ниту е чесно и значи неверојано скриена манипулација со јавноста, затоа што целиот Предлог на закон ќе повлече дополнително финансирање од Буџетот на Република Македонија.

Кога се води една социјална политика, таа секогаш мора да се гледа на долг рок, какво влијание ќе имаат сите одлуки  што се носат во таа област, поточно колку финансиски ќе биде одржлив и стабилен системот, за да може да одговори кон обврските кон сите генерации, сегашни и идни, па водејќи се од ова суштинско правило фискалните влијанија кои ќе наметнат потреба од посебни финансиски средства ќе бидат предизвикани пред се од намалувањето на придонесите, што ќе значи директно зафаќање во Буџетот на Републиката за исплата на пензиите и другите надоместоци, затоа што приходите во фондовите и во Агенцијата драстично ќе бидат намалени, а сегашните и идни обврски на осигурениците ќе останат исти.

Исто така фискални импликации ќе предизвика намалувањето на основицата за плаќање на придонеси за 50% од просечната плата во Република Македонија, исто ќе бара додатни средства од Буџетот на Република Македонија заради продуцирање на зголемен број на корисници на минимална пензија, во чија исплата со голем дел учествува државата како дополата до законската минимална пензија.

И трето, ограничувањата кои сега ги воведувате и за едностолбниот пензиски систем од 4 просечни плати исто така ќе ги намалат средствата кои ќе влезат во фондовите.

Владата во јавноста во неколку наврати се обиде да објасни дека со воведувањето на бруто системот за пресметување на плата со содржани надоместоци за превоз и храна, на кои ќе се пресметуваат придонеси, ќе се избалансира загубата или ќе се искомпензира од намалување на придонесите. За ваква аргументација потребни се пресметки и долгорочни проекции кои Владата или не ги направила или не сака да ни ги покаже, а ќе предизвикаат фискални импликации на долг рок почнувајќи најдоцна од 2010 година. Тоа е нашето мислење.

Во однос на намалувањето на придонесите кога се донесе ова лето одлука во Собранието, а сега е проектирано во ова законско решение, неколку факти за нас се загрижувачки и би сакала да ги споделам со вас.

Во Република Македонија социјалното осигурување е уставна категорија, која секоја власт ја обврзува да обезбеди сигурност, праведност и еднаквост на сите граѓани, со водење на умешна политика на балансирање на интересите на сегашните и интересите на идните генерации. Затоа, сите одлуки на креаторите на социјалната политика треба да се темелат на долгорочни анализи и проекции на приходите од придонесите и расходите, како и макроекономските индикатори со кои ќе се соочи системот.

Предлогот за намалување на социјалните придонеси за ПИО и здравство вообичаено е да се очекува да влијаат поволно на бизнис климата, да поттикнат нови вработувања, но притоа не смее да се испушти од предвид како тоа ќе се одрази на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, како ќе се одрази на редовноста на исплатата на пензиите, но и на висината на идните пензии  од вториот столб, кој

вие веројатнососема го заборавата. Власта направи драстични чекори во намалувањето на придонесите, навидум ефектно, но сметаме дека тоа ќе биде со краткотрајни резултати. Затоа, сакам да поставам неколку прашања.

Прво, дали Владата се запраша кога се одлучи за ова решение како ќе живее системот после 10, 20, 30 години или повеќе. Дали Владата се запраша какви пензии ќе примаат нашите деца и дали воопшто ќе ги примаат редовно, затоа што уште сега им се поткопува еднаквоста со другите генерации. Дали работодавците навистина би сакале и би биле среќни да работат во вакви или со вакви ризици, со плаќање на помали придонеси сега и да ги загрозат пензиите на своите идни поколенија. Дали навистина работодавците Ќе плаќаат помали придонеси или таа манипулација е скриена зад плаќање придонеси на поголема основица заради вклучување на надоместоците за превоз и исхрана. И што се случува со оние 180 илјади малди луѓе кои влегоа во вториот столб и ви дадоа огромна доверба, сметајки на некои проектирани пензии кои сега сигурно ќе им се намалат и ќе бидат ставени во една нерамноправна положба и како, кога летото донесовме една одлука да го отвориме пазарот на нови пензиски фондови, како ќе го стимулираме доаѓањето на тие светски познати фондови, знаејки дека во моментот се отвораме за третиот столб. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Иванова Цветанка, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам претсеател.

Почитувани колеги претеници, почитуван господин министер,

Мислам дека ова е доста важен закон особено за работниците и работодавците ако се има предвид дека целокупното работоспособно население на Република Македонија е или работодавец или работник, значи овој закон опфаќа голема популација на луѓе. Мислам дека ако се има предвид колаква е бројката на која ќе се имплементира овој закон, заслужуваше овој закон да оди во две фази, за да можеме сите заедно да ги испегламе разликите и навистина да го унапредиме процесот на собирање и наплата на придонесите од работен однос. Овој закон денес требаше да предизвика поголема дебата, мислам дека и пратениците од позицијата требаше да бидат позаиинтересирани, затоа што навистина поовој закон не зборуваме или не дебатираме како пратеници на СДСМ само за да дебатираме, туку дебатираме за да свртиме внимание на одредени прашања за кои навистина имаме дилема и ако се впуштеа во дебата пратениците од другата страна можеби ќе ги испеглавме разликите.

Многу ми е жал што за прв пат со колегата Аднан Јашари не се согласуваме во некои прашања кои ги уредува овој закон. Ја разбирам неговата определба, тој е сега на власт, јас сум опозиција и нормално тој ќе го брани овој проект. Навистина сметам дека требаше да ги каже евентуалните дилеми кои ги има, а јас знам дека ги има околу решенијата на овој закон.

Прво, сакам да ги истакнам основните забелешки кои ги имаме како пратеничка група на СДСМ по овој закон. Сметам дека одредбите од овој закон се недоволно прецизни и јасни. Сметаме дека голем број на одредби се каучук норми, така ги викаме ние правниците овие норми кои се растегливи и секој може да си ги толкува онака како што сака. Сакам исто така да кажам дека ставот на СДСМ е за ваков систем на бруто плата. Ставот на СДСМ е дека сме за интегрирана наплата на придонесите од работен однос за пензиско и инвалидско осигурување, но исто така ставот на СДСМ е јасен и недвосмислен дека вака како што се срочени решенијата во овој закон не може овој закон да се имплементира без посебни потреси и пробелми и дека има бројни отворени прашања. Имено, она што е како пречка во имплементацијата на овој закон е недефинирањето на поимот плата. Предлагачот на овој закон, до колку сака навистина да ја псотигне целта, а целта секако е воведување систем на бруто плата за која што повторувам не сме против и интегрирана наплата на овие придонеси, секако , она што според мене популистички го најавува и намалувањето на придонесите, за нас од оваа симулација е очигледно дека не е, сметам дека првото прашање кое што предлагачот требало да го реши е да дефинира што значи плата, што значи нето, што е бруто плата и дали надоместоците како што се хранарина и превоз влегуваат во бруто платата. Исто така, надоместоците од плата како што се хранарина и превоз не се утврдени, значи најнискиот износ и висината не се утврдени. Од она што можев да го согледам, од аспект на правник секако, се пресметки кои се правени во оваа насока од страна на предлагачот, тие се правени врз основа на Законто за извршување на Буџет, каде што висината на превозот и на хранарината беше одредена со овој Закон за вработените кои се во државната и јавната администрација. Но знаете дека оваа одредба Уставниот суд ја укина и упати дека оваа работа треба да се уредува на поинаков начин.

Почитувани колеги, јас мислам од пресметките - пред се благодарам што Министерството за финансии и министерот навистина го исполни ветувањето и ни даде симулација на пратениците што значат овие законски решенија. Од оваа симулација онолку колку што можам јас како правник да разберам е дека ниту работодавачите ниту работниците имаат бенефит од ова, туку основно што ќе се постигне со овој закон е полнење на фодновите за пензиско и инвалидско, секако и здравствено осигурување. Од пресметката од Министерството за финанси и јасно се гледа дека 240 илјади вработени практично ќе бидат осакатени со овој начин на пресметка. Секако дека овој закон нема да се

одрази на оние вработени кои примаат повисока плата и од табелата 2 јасно се гледа дека огромна е бројката на работници кои по овој систем на исплата на придонеси практично ќе имаат понизок придонес за пензиско и инвалидско осигурување, а ако се има предвид дека врз основа на овој придонес се утврдува и висината на пензијата, тоа значи дека ќе имаат и пониски пензии.

Мислам дека рокот за отпочнување со примена на овој закон навистина е многу краток. Од 1.01.2009 година сметаме како пратеничка група дека институциите кои ќе бидат надлежни да го имплементираат овој закон и да постапуваат согласно овие решенија нема да бидат спремни. Ако се има предвид посебно фактот дека голем број работодавци до сега немаат плаќано придонеси или имаат плаќано придонеси во вкупен износ без да се разграничува поединечно за секој работник, очигледно е со кои тешкотии ќе се соочиме при отпочнувањето на примената на овој закон.

Она што можеме да го направиме е да укажеме на слабостите. Ние не можеме да делуваме дали ќе се донесе или не овој закон, но тука сме да укажеме, да дадеме свои конкретни решенија на проблемот. Ако ги прифатите, добро, ќе имаме подобар закон, ако не секако секој ќе си ја сноси својата одговорност од таквите решенија.

На крајот нешто за казните. Според мене, простете ми за изразот што ќе го употребам затоа што навистина не доликува да го кажам,но ќе го кажам, ваквиот начин на предвидување или поттикнување или ставање до ѕид на работниците, од една страна да бидат казнувани до колку не пријават дека работодавачот не им ги исплатил придонесите, а од друга страна казна за работодавецот или ако се има предвид, ако не пријави ќе биде казнет од 500 до 1000 евра ми се чини, или ако пријави ќе се соочи со губење на работнито однос, мислам дека само поттикнуваме систем на апсолутно доушништво еден вид или работниците да бидат постојано ставени меѓу чеканот и наковланата, затоа што како и да постапат секако ќе ги стигне казната, нечијата казна, или казната од работодавецот или казната од инспекторот. Мислам дека не е добро, не е најдобро и најсреќно избран овој начин на казнување.

Уште нешто кое за мене како правник се исправи како дилема, размислувајќи околу овие решенија. Би сакала да го прашам министерот, бидејќи кажа дека со овој закон ќе се постигне, ќе се поттикне чувството на работниците, самочувствието да се плаќа придонесот, бидејќи со овој закон обврзник за плаќање на придонесот е работникот, а обврзник за пресметка на придонесите е работодавачот, во случај на спор кој ќе има активна легитимација да биде тужен и да биде тужител. Тоа навистина не ми е јасно и уште еднаш сакам да потенцирам дека пратеничката група на СДСМ не е против воведување на системот на бруто плати. Тоа го имаат сите земји од регионот. Ние не сме против системот, туку напротив сме за интегрирана наплата на овие придонеси, но дека има бројни прашања кои во дебатата ги спомнавме ние пратениците од СДСМ што дискутиравме, спомнавме некои и мислиме дека овие прашања заслужуваат да бидат третирани од предлагачот и до колку овие прашања кои сега ги кажавме бидат затворени, мислам дека ќе имаме добар закон.

Инаку вака се соочуваме со тешкотии и околу практичната примена, но со овој закон ќе се најдат на удар и ќе биде на штета и огромен број на работници, секако и работодавачи. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има реплика министерот за финансии.

**Трајко Славески:** Почитуваната пратеничка спомна дека наводно од симулациите не можело да се види дека некој има бенефит, било работници или работодавачи, што не е точно. Секако ова е хендикеп за јавноста која што ја следи оваа пленарна седница и таа ги нема тие пресметки. Таму јасно е прикажано дека најголем дел од она што останува како доход за распределба, за дистрибуција меѓу работодавачите и работниците е токму кај ниско платените работници, односно дејностите кои што исплаќаат од најразлични причини ниски плати. Всушност таа е една од целите на реформата на законот најмногу да се растоварат дејностите каде што се исплаќаат ниски плати, каде што работат работници можеби со пониски квалификации. Токму затоа што ако го набљудуваме овој пул на невработеност, или вкупниот број на невработени лица во Република Македонија и лица што бараат работа ќе видиме дека доминираат лицата со ниски квалификации и пониски степени на образование. И тоа беше една од лошите страни на нашиот постоен систем најмногу процентуално да се оптоваруваат токму лицата кои што на пазарот на работна сила можат да постигнат во договорите за работен однос пониски плати. Значи, постои јасна добивка која што ќе биде и индивидуална и вкупна за системот. Добивка меѓу другото ќе биде, почитуван пратеник, фактот што не ќе може, јас благодарам затоа што вие ја подржувате интегрираната наплата, да имаме ние разлика од некаде 60 илјади лица според евиденцијата вработени, според евиденција за плаќање на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување и според плаќање на придонесот за здравствено осигурување. Тоа го овозможува сегашниот неред, односно можностите за прикривање, контрола која што е дисперзирана на повеќе институции, неефикасна контрола за која што почитуваните пратеници претходно во дискусиите зборуваа од своето искуство итн.

Сега сакам да спомнам за јавноста. 2009 година ќе биде транзициска година во која што односите не можат да бидат прикажани во најчиста форма. И токму затоа ќе бидат регулирани, не овде во Парламентот, не во Министерството за

финансии, не во Владата, туку онаму каде што луѓето го заработуваат својот леб. Мораме ние нешто да оставиме на пазарот, а и да сакаме не можеме до крај да го изрегулираме. Како можеме да воведеме обврска да влезат сите надоместоци храна и превоз, кога како што рековме некаде тие не се исплаќаат, затоа што е организирана исхрана. На 1 јануари 2010 година кога ќе се намалат дополнително придонесите кои што со овој закон се предложени јасно ќе биде кој е во добивка, оној што ги плаќа, оној што е обврзник. Работниците ќе плаќаат помалку придонеси, значи повеќе ќе им останува да носат дома. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Контра реплика госпоѓа Цветанка Иванова.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседателе. Господине министер навистина јас со сериозност го разгледав овој закон и пресметките и навистина ги разбирам. Ако видете и ако признаете овие пресметки ви се правени со вкалкулирана хранарина и превоз. А знаете дека оние кои што се вработени во текстилната индустрија и кожарската индустрија кои што ќе се најдат на удар први се кои што ќе се како од светската криза, први ќе бидат работодавците кои што ќе пресметуваат, или ќе плаќаат придонеси без хранарина и превоз. И затоа ние бараме да има законско решение, а во овој Предлог нема што значи бруто плата?

**Трајко Вељаноски:** За реплика се јави госпоѓа Владанка Авировиќ.

**Владанка Авировиќ:** Во првиот дел веќе господинот министер ги кажа моите забелешки во однос на дискусијата на госпоѓата Ивановска. Меѓутоа, не се сложувам со една дискусија, веројатно и дека можеби причината е затоа што сте правник и нормално не можете да ги согледате тие начини на пресметувања.

Рековте една невистина дека и досега ќе се создаде една комплицирана ситуација и не ќе можат да се снајдат луѓето, бидејќи досега некои плаќале во вкупен износ придонеси. Значи, тој што не го познава начинот на пресметување на придонесите воопшто не може да даде една ваква слика, бидејќи бидете уверени дека и те како во финансискиот дел на сите претпријатија луѓето знаат да ги пресметаат придонесите и не може збирно да се пресметаат никакви придонеси. Тие мораат да потекнат поединечно од сите вработени и на крај се добива таа кумулативна пресметка. Значи, станува збор за една нелогичност која што мислам дека и заради вашата професија не можете да ја согледате. Со овој закон апсолутно не се менуваат некои категории кои што би донеле до забуна во пресметките. Значи, овде станува збор за намалување на придонесите во еден период од три години сукцесивно намалување на придонесите, тоа бидете убедени дека сите знаат да го направат. Значи, се доведува конечно работниците да си добијат од работодавците за се што им е исплатено согласно член 22 кој што мене многу ме радува бидејќи во претходниот период вие сте исто така сведоци како и јас, многу големи претпријатија не ги плаќаа придонесите и луѓето не можеа да си земат пензија. Значи, се создава една бариера во која што да видиме, ако тие не ги платат придонесите, дали им се исплатува со казнените мерки да го затворат едноставно претпријатието. Значи, се работи за исклучително добар закон. Секако дека ниту еден закон не е имон во некои од членовите може да претрпи измена за да се подобри. Меѓутоа, се работи за исклучително добар закон, за исклучително добар закон во полза на работниците и работодавците секако, бидејќи им се намалуваат придонесите, стапките на придонесите, а начинот на пресметка останува ист. Работодавецот и досега знаеше да ги пресмета придонесите. Не станува збор за нови категории на придонеси и нови категории на пресметки. Не знам дали тука сме јасни?

**Трајко Вељаноски:** Благодарам

Контра реплика госпоѓа Цветанка Иванова.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседателе.

Не мислев да реплицирам, ама ќе го кажам следното. Колешке Авировиќ, јас навистина немам хендикеп со мојата професија. Но, дали вие имате хендикеп со вашата идеолошка припадност. Колку што знам вие сте пратеник од Социјалистичка партија. По правило би требало да се грижите за правата на работниците. Дали намалувањето на придонесот ќе го подобри статусот на работниците, или на работодавачите? Изгледа вие сте ја побркале позицијата од која што настапувате.

**Трајко Вељаноски:** Реплика Има господин Оливер Дерковски, повелете.

**Оливер Дерковски:** Благодарам претседателе.

Само кратко би кажал некои дообјаснувања, бидејќи во дискусијата на госпоѓата Иванова и во претходните дискусии на дискутантите се наметна едно мнение дека станува збор овде во Предлогот на законот се дискутира многу почесто за висината на платата дали ќе биде по имплементацијата на овој закон повисока, или помала итн. Значи, не е тоа поентата. Оваа симулација која што сме ја добиле од Министерството за финансии само ја покажува моменталната состојба и состојбата која ќе биде во наредните месец, два. Меѓутоа, пазарот на работната сила е состојба која што постојано флуктуира и во наредната година, во наредниот период година или две, точно ќе видиме кои се ефектите од примената на овој закон. Значи, не можеме врз основа само на една симулација на пресметка да дискутираме и да тврдиме ќе се намали, или не, платата кај одредени категории на работници, кој е во добивка дали работодавците, или работниците. Намалувањето на придонесите е би рекол една добра работа која што се случува, една добра економска мерка која што во оваа ситуација на финансиска криза која што го зафаќа светот е една одлична мерка

која што ќе им помогне и на едните, меѓутоа секако и на другите во овој случај.

Друга работа која што сакам да ја кажам, она што се дискутираше во врска со, доколку во трудоинтензивните гранки текстилната, или дрвната индустрија на пример работодавецот по примената на овој закон се каже дека не би ги исплатил надоместоците за храна и превоз, што во тој случај? Значи, сакам да напоменам и досега работодавците ги исплаќаа овие надоместоци. Еве да земеме еден пример, работникот земаше плата од 5000 денари, а надоместоците изнесуваа 3000 или 3500 денари и со тоа практично го мотивиравме работодавецот да затајува данок, затоа што тие надоместоци во голем дел не се оданочени. Од тие причини сметам дека самиот пазар на работната сила ќе го регулира и ова прашање, затоа што не верувам дека работодавците ќе прибегнат кон таква мерка да веднаш им ги укинат надоместоците на работниците кои што сега им ги исплаќаат, односно ќе ги внесат во дел како исплата на идната плата. Значи, треба полека да се ослободуваме од употребата на терминот бруто и нето плата, едноставно да употребуваме термин плата. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Контра реплика госпоѓа Цветанка Иванова.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседателе.

Јас се сложувам со господинот Дерковски. Но, почитуван колега Дерковски, навистина за ефектите од законот не треба да чекаме година, две, па да видиме какви се. Треба да ги претпоставиме штом пристапуваме кон измана и дополнување на ваков закон. Добро е ако се позитивни после година, две. Но, што ќе стане ако навистина се негативни ефектите, кој ќе ги сноси последиците од лошото решение. Сме за намалување на данокот, точно е тоа. Но, дали со ваквите решенија почитуван господине Дерковски не ги казнувате работниците. А ние не сакаме работниците да бидат казнети. А со ваквите решенија се казнуваат работниците никогаш да не им биде исплаќано хранарина и превоз. Тоа ние како СДСМ, како лево ориентирана партија не сакаме да го дозволиме и затоа ќе се бориме со сите расположливи средства. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Горан Мисовски, повелете.

**Горан Мисовски:** Почитуван претседател, почитувани колеги пратеници, почитуван министер.

Навистина ми е задоволство, а секако и предизвик што на оваа седница дебатираме за уште еден закон освен Законот за стечајците на кој што НСДП и ВМРО-ДПМНЕ ги кршеа копјата кога беа во коалиција. Веднаш сакам почитуван министер да ве потсетам дека НСДП во тогашната коалиција беше единствената политичка партија која што во својата предизборна програма се залагаше за воведување на бруто систем на плати и 8000 денари загарантирана нето плата на ниво на Република Македонија. Значи, една одлична идеја од ваша страна лошо препишана со сериозни индикации негативни по пензискиот систем кој што треба нашите идни пензионери да го почувствуваат во 2011, 2012 година кога ќе заминете од првата позиција во Република Македонија. Сакам да потенцирам дека НСДП и тогаш и сега не е против воведувањето на бруто плата. Но, и тогаш почитуван министер ги кршевме копјата за тоа дека ние силно инсистиравме дека е неопходно да биде дефиниран терминот бруто плата и од што се состои. Вие само на едно место во еден член од законот потенцирате просечна плата по работник, но не кажувате дали е тоа бруто, или нето. Зошто има проблем Владата да го каже износот на таа просечна плата за да се добие јасна претстава за каква основа се работи, било за пресметување и плаќање на придонеси, било за пресметување и исплата на плати и пензии.

Она за што сакам исто така жестоко да реагирам почитуван министер, тоа е во делот каде што велите за спроведување на овој закон не се потребни финансиски средства. Тоа е лага. Тоа не е точно. Драстичното намалување на придонесите, намалувањето на придонесите ќе бара доплата од буџетот, намалувањето на основицата за плаќање на придонеси од 50%, ограничувањето на највисока месечна плата за плаќање на придонеси на 4 просечни плати, сето тоа ќе предизвика дополнителни буџетски средства. Сакам да дадам само еден пример, што ќе се случи со Фондот за здравствено осигурување. Фондот за здравствено осигурување и во овие услови работи со негативно салдо. Ги натеравме приватните стоматолози, општи лекари да ги превземат вработените, да финансираат во сопствените здравствени институции и сега наеднаш ги намалуваме драстично придонесите за здравствено осигурување. И секако дека се поставува прашањето како ќе се врши исплатата на пациентите на овие луѓе кои што со закон ги натеравме да ги приватизираат сопствените амбуланти. Исто така, сакам најсериозно да предупредам за ризикот од намалување на идните пензии на луѓето кои се во вториот столб заради влез на помалку пари од кои директно зависи нивната пензија. Не смееме да ги заборавиме оние 100 илјади осигуреници кои што влегоа во вториот столб. И веднаш почитуван министер ќе ви дадам еден пример во членот 25 точка 1 став 1, 15% за задолжително пензиско и инвалидско осигурување и тука застанувате. Значи, не вршите дополнително прецизирање што ќе се случи во 2011, 2012 година. Јас ќе се обидам, иако тоа право како пратеник го имам преку амандмани, но вие министре, искуството говори дека досега амандманите од опозицијата воопшто не ги прифаќате. Еве, сакам да ви сугерирам едно решение за допрецизирање и за подобрување на законот преку додавање на став каде што точно ќе прецизирате 8% за првиот

столб и 7% за вториот столб. На членовите на вториот пензиски столб кои дел влегоа на доброволна основа, а дел се задолжителни членови со закон определени, со намалувањето на придонесите им се доведува во прашање висината на пензијата. Ова што го нудам како можност за подобрување на текстот, мислам дека би требало да го прифатите.

Она што за мене е најсуштествено за што би ве замолил почитуван министер, ако сте во можност да ни дообјасните. А ќе ве цитирам од стенографските белешки од вашето воведно излагање велите вака: "сметаме дека во рамките на тие 4 просечни плати вклучен е принципот на солидарност кај системот за здравствена заштита и принципот на меѓугенерациска солидарност кај пензиското и инвалидското осигурување". Тоа го кажувате во експозето, но никаде во законот таква констатација јас не можам да најдам.

Во членот 5 велите вака: "пензиско и инвалидско осигурување врз основа на тековна исплата". Вметнувањето на терминот "тековна исплата" изгледа како да се напушта принципот и начелото на солидарност на кој почива пензискиот систем и како да се остава отворена врата за некакво нивно идно уредување, па дури и реформирање на нешто што веќе концептуално и стратешки се работело и инвестирало во изминативе 20 години. Зборовите "тековна исплата" може да подразбираат и финансирање на пензискиот систем од даноци, наместо од придонеси, што би значело дека идните пензии нема да бидат поврзани со платите, придонесите и стажот, туку едноставно може да се доведеме во позиција идните пензии да бидат на рамниште на социјална помош.

Јас сакам да ве потсетам почитуван министер, дека Законот за пензиско и инвалидско осигурување уште многу одамна, некаде 2000-та година март ја дефинирал структурата на реформираниот пензиски систем во кој првиот столб носи назив: пензиско и инвалидско осигурување врз основа на генерациска солидарност. Што значи дека традиционалниот досегашен пензиски систем каде што сегашните осигуреници плаќаат за пензиите на сегашните пензионери.

Ова е терминологија прифатена и во Европската унија, оваа терминологија е прифатена и во земјите на Централна Европа и секако оваа терминологија е поддржана од Светската банка.

Уште еднаш, почитуван министре, ќе ве замолам да дадете дообјаснување, ако сметате дека не сум во право, и она што навистина на крајот сакам да реагирам како пратеник, а тоа е забелешката на еден од колегите пратеници дека не би требало од оваа говорница да се јавуваме и да критикуваме само заради критика.

Сакам да ве убедам, колеги пратеници од парламентарното мнозинство, дека ни еден пратеник од опозицијата кога се работи за закон од општ и јавен интерес, закон кој задира една огромна гласачка категорија тн., пензионери од преку 250 илјади да излезе на оваа говорница и да критикува закон за кој вие тврдите дека ќе биде поволен за идните пензионери, тоа не е добро.

Јас како пратеник од НСДП верувам и колегите од опозицијата не би си дозволил да критикувам нешто што е добро. Сметам дека идеата е добра, но со лоша реализација. Негативните импликации ќе се одразат некаде како што спомнав после 2011-2012 година, но тоаш ќе биде доцна.

Од тие причини опозицијата поднесе амандмани се со цел за подобрување на текстот, се со цел идните пензионери да не се доведат во позиција вака како што предлага Владата на ВМРО ДПМНЕ идните пензионери да се доведат во позиција кога ќе ја примаат пензијата да биде тоа не пензија, туку нешто што ќе личи на социјална помош. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека претресот е завршен и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за придонеси од задолжително социјално осигурување.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа вкупно 65 пратеници, од нив за предложениот заклучок гласаа 53 пратеници, воздржано гласаа 12 пратеници, против нема никој.

Констатирам дека заклучокот е усвоен, гласаа 65 пратеници.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 56 пратеници, од нив за предлогот гласаа 53 пратеници, воздржани 3 пратеници, против нема никој.

Молам службите да утврдат точен број на пратнеици во салата.

Во салата се присутни 70 пратеници, гласањето е полноважно.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандман за менување на член 15 и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за труд и социјална политика поднесе амандман на член 14 став 1 за менување на точка 3, со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандман на член 30 став 1 за менување на точка 7.

Пратениците Станка Анастасова, Миле Андонов, Весна Бендевска, Владо Бучковски, Славица Грковска Лошкова, Менде Диневски, Цветанка Иванова, Игор Ивановски, Јани Макрадули, Горан Минчев, Марјанчо Николов, Андреј Петров, Емилијан Станковиќ, Горан Сугаревски, Маринела Тушева, Никола Ќуркчиев, Томе Чинговски и Радмила Шекеринска поднесоа амандмани на член 4 точка 6; член 4 за бришење нан точка 14, член 7 став 1 точки 2, 3 и 12; член 8 точка 15; член 10 став 1, точки 2, 12 и 13; член 10 став 1 точка 15; член 12 став 1, точки 2 и 3; член 14 став 1 точка 1; член 14 став 1 точка 14 алинеја 5; на насловот на Глава 6; за бришење на член 16; член 17 став 2; член 18 став 1; член 22 став 1, и за бришење на став 2 и за бришење член 29, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 4 точка 6, поднесен од пратениците Станка Анастасова, Миле Андонов, Весна Бендевска, Владо Бучковски, Славица Грковска Лошкова, Менде Диневски, Цветанка Иванова, Игор Ивановски, Јани Макрадули, Горан Минчев, Марјанчо Николов, Андреј Петров, Емилијан Станковиќ, Горан Сугаревски, Маринела Тушева, Никола Ќуркчиев, Томе Чинговски и Радмила Шекеринска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам претседателе,

Владата не го прифаќа амандманот.

**Трајко Вељаноски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријават за збор. Благодарам.

За збор се пријавија господинот Марјанчо Николов и господинот Јани Макрадули.

Има збор господинот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам претседателе, почитувани колеги,

Со овој амандман поднесен од пратеничката група на СДСМ се предлага по дефиницијата на дополнителните примања од работен однос да бидат внесени и надоместоците за трошоци за работа поврзани со прехрана и превоз што значи она што е познато кај граѓаните патарина и хранарина.

Сметаме дека ваквото внесување на овие надоместоци во Законот, давање на нивно појаснување во одредбите од Законот овозможува понатаму во одредбата каде се дефинира на која основа се пресметува платата и што се влегува во плата, тоа е членот 14, да влезе и надоместокот за храна и превоз како задолжителни при утврдувањето на плата како основица од која ќе се пресметуваат придонесите за пензиско инвалидско, здравствено осигурување.

Без внесувањето на овие надоместоци целиот концепт кој го предлага Владата носи сериозна опасност работниците да останат без овие надоместоци. Носи опасност иако министерот овде не убедуваше дека има простор да се зголемат платите во принцип платите да се намалат.

Господине министре, на овој начин создавате нееднаквост меѓу работниците. Земете ги буџетските корисници. На сите нив ќе им биде внесен надоместокот за превоз и храна во платата. Тие ќе земат повисока односно ќе земат плата која ќе има повисока основа за пресметка на придонесите за здравствено и пензиско осигурување. Што со другите кои не се буџетски корисници, кои работат во текстилна индустрија, градежништво, земјоделие, металургија, во било која индустрија, како тие кои ќе го земаат овој надоместок во паричен износ ќе си ги обезбедат своите права? Она што вие го велите дека била некоја категорија која не е обврзителна за работниците значела кеш пари што ги носеле дома. Ако земале плата 7000 на која се плаќале сите придонеси и земале 3200 или 3800 надоместок за превоз и хранарина, носеле дома 11.000, сега, ако не се внесат задолжително во основицата за пресметка на плата тие можат да останат само на 7000 денари. Затоа сметаме дека со овој закон треба да се внесе задолжителна обврска макар и да предложите амандман, додека го изгласаме законот, нивното одданочување да биде и по една година за да им се овозможи на работодавачите да се прилагодат. Или во тие десет закони кои велите дека ќе го следат овој закон, предложете закон за најниска плата во кој најниската плата што е во моментот ќе ја зголемите за надоместокот за хранарина и превоз и на тоа нека биде најниска плата само немојте да ги оставите работниците без овие надоместоци. Играта во смисла не се плаќало данок на работодавачите кои злоупотребувале да не плаќаат придонеси за работниците да им исплаќаат, не им оди во корист на работниците. Тоа вие како Влада решавајте си го со работодавачите, не ги ставајте измеѓу работниците. Тоа го правите сега и со актуелната криза кога не сакате да посредувате или да помогнете на реалниот сектор, туку велите нека си трошат од профитот, ама трпат работниците, или ќе ги изгубат работните места или ќе останат со помалку плата. Мислам дека ако Република Македонија се декларира за социјална држава, држава која обезбедува економска правда и слобода на своите граѓани.

Ваквата можност да се укинат овие надоместоци кои сега не се мали и беззначајни се суштински за некои сектори каде платата е ниска, а ги земаат во паричен износ, не е во ред.

Затоа, колеги пратеници, ве замолувам сериозно да размислите за овој амандман да го поддржите се со цел да овозможиме или да ги заштитиме работниците да не земаат пониска плата после 1.01.2009 година, односно да не земаат повеќе надоместок за превоз и хранарина, бидејќи тој

нема да им биде вкалкулиран во платата.Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе,

Се јавувам во поддршка на амандманот како еден од предлагачите, бидејќи комплетната пратеничка група на СДСМ е предлагач, при што, бидејќи немам шанса процедурално да интервенирам, дозволете ми само 15 секунди да направам дигресија, секогаш од 2001 година откако сум во ова Собрание се борам да нема етикетирање на пратениците во однос на нивната професија. Дали некој е способен или неспособен да препознава какво е законското решение. Сите сме овде еднакви, без разлика на степенот на образование што го имаме, без разлика на квалификацијата што ја имаме. Сите имаме обврскса како пратеници да ги читаме законите и за нив да дебатираме.

Амандманот што го предлагаме е дел од барањата не само на синдикатите во Република Македонија и затоа не мислам дека е овој закон во потполна согласност со социјалните партнери или со партнерите кои се дефинирани во Законот за работни односи, а кои Владата има обврска кога носи вакви закони да ги усогласува, туку поддршка има и од експертската јавност која вели дека по природно е ако храната и превозот влезат во бруто плата, целата постапка на чист концепт на бруто плата да се одвива постепено со поголеми анализи и со поголеми дебати во јавноста.

Како што вели експертската јавност донесувањето на целосно обликувани решенија може да услови трошоците на некои работодавачи врз основа на разните давачки, да бидат поголеми. Цело време од сабајле се обидувам да го докажам. Ова е чиста математика. Значи, од едната срана имате бруто, одземате придонеси, одземате даночно ослободување, на тоа се пресметува данок. Ако ги ставите само така просто храната и превозот, тогаш тој ќе треба да плаќа повеќе данок кон државата, мислам на работодавачот и можеби ќе калкулира со платата на вработените. Но, еве да не ја земаме математиката која е едноставна, да го земеме она што го кажува самото Министерство за финансии во своето образложение дека луѓето 241.602 вработени во Република Македонија ќе добиваат помала плата при што даночното ослободување ако биде, како што се вели 7000 денари, ама кога тој дома носел за 10 илјади денари нето врз база на одреден бруто што го плаќал работодавачот и 3100 чисти од храна и превоз, сега ако го ставиме тоа во бруто и работодавачот ќе треба да плаќа повеќе, а работникот да има помала плата и сега ако не е законска обврска не ми се верува дека сите работодавачи така срекно ќе го направат тоа.

Затоа работниците преку Синдикатот не за џабе се загрижени за тоа како ќе се имплементира ова решение, посебно што денеска министерот односно вчера во своето образложение, во своето експозе истакна дека овој концепт треба да го пратат уште 10-тина законски решенија.

Затоа сметаме дека, за да се заштитат делот на исплаќањето на храната и превозот, треба да биде законска обврска, министерот преку службите во своето образложение за пресметка на реформите пишува дека нето платата на работникот во јануари 2009 година не смее да е пониско од износ кој работникот го добива како нето плата и надоместок за храна и превоз во декември 2008 година. Од друга страна кога ќе го завртите истиот лист, имате за 241.602 вработени или 57,2 од вработените помала плата и со храна и превоз, а за даночно ослободување од 7000 денари што не знаеме како ќе биде. При што во овие пресметки тоа го установивме дека има грешка во придонесите за невработеност што се плаќа од 1,4, а има пресметки од 0,5 плус на задолжителното здравствено осигурување кое влегува, а кое експлицитно во законот не пишува дека се собира. Може и не мора, тоа е сепак можеби поексплицитно да се даде.

Уште еднаш да резимирам, човек кој во овој момент добива плата од 10 илјади денари и плус 3100 денари храна и превоз, еве да ја земеме таа најчесто исплатена храна и превоз или 13.100, тој ќе добие со овој концепт сега 12.248 денари при поголемо даночно опроварување на работодавачот, ако ја внесе. Дали тоа ќе го направат сите работодавачи, се плашам, бидејќи не е законска обврска освен во образложенијето на Министерството, тоа не го пишува во Законот.

Затоа овој амандман оди во тој прилог прво во дефинициите да ги дефинираме дека во бруто платата дел влегуваат и хранарината и превозот. Затоа сите експерти велат, господинот Дерковски вели дека работодавачот треба да обезбеди менза во која ќе јадат, не мора да дава храна и превоз, ама секаде ако се повикуваме на западните искуства тие повеќе ќе одат во прилог да му дадат бруто на граѓанинот, на вработениот, па тој на крајот на краиштата да јаде тоа што сака.

Идеалниот концепт на бруто плата реков сабајле според експертската јавност е тој кога јас ќе го задолжам откако бруто платата ќе ми ја префрли господинот Вељановски на мојата трансакциона сметка јас да ја задолжам банката во која ја имам трансакционата сметка да ги плати придонесите, а јас да се хранам таму каде што сакам. Тоа е ако сакате повеќе од вработените.

Затоа велам ако одиме на чист концепт на бруто плата, ни фалат уште неколку чекори. Инаку ова е се исто. И претходно истиот работодавач ги плаќа придонесите и во јануари 2009 година истиот работодавач ќе ги плаќа придонесите. Истиот работодавач во декември 2008 година го дава ова ливче од плата што го покажуваме во 2009 година ќе биде истото ливче. Само ќе треба некој печат да ни дадат да бидеме сигурни.

Но, тоа зборувам е за луѓето во јавната и државната администрација. Што правиме со оние каде работодавците ќе сфатат дека ќе треба да платат повеќе данок и за тоа ако треба да го вкалкулираат, ако имаат право на избор да ги вкалкулираат храната и превозот.

Затоа пратеничката група на СДСМ оди со овој амандман и заради барањата на Синдикатот и заради барањата на експертската јавност , а заради логиката на концептот на одење кон чист концепт на бруто плата што некои од коморите го побараа. Ако зборувам е за бруто плата тогаш да му даде на работникот избор како ќе располага со тоа. Се согласувам дека тоа не може да се направи нагло, пред се заради заштита на здравствениот систем во Република Македонија и дека мора да има некои проценти што се обврзувачки како за пензискиот така за здравствениот систем. Но, она што го зборуваше колегата Марјанчо Николов и сабајле колешката Шекеринска, во тие десетина што ни фалат, да дојдеме до коректно решение ни фали и законот за најниска плата, загарантирана најниска плата за да сите овие работи имаат смисла. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрепена листата на пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 62 пратеници , од нив за гласале 11, воздржанио нема, против гласале 51 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 4 точка 6 поднесен од пратениците Станка Анастасова, Миле Андонов, Весна Бендевска, Владо Бучковски, Славица Грковск Лошкова, Менде Диневски, Цветанка Ивановска, Игор Ивановски, Јани Макрадули, Горан Минчев, Марјанчо Николов, Андреј Петров, Емилијан Станковик, Горан Сугаревски, Маринела Тушева, Никола Ќуркчиев , Томе Чинговски и Радмила Шекеринска.

Отворам претрес по амандман на член 4 за бришење на точка 14 поднесен од пратениците Станка Анастасова, Миле Андонов, Весна Бендевска, Владо Бучковски, Славица Грковск Лошкова, Менде Диневски, Цветанка Ивановска, Игор Ивановски, Јани Макрадули, Горан Минчев, Марјанчо Николов, Андреј Петров, Емилијан Станковик, Горан Сугаревски, Маринела Тушева, Никола Ќуркчиев , Томе Чинговски и Радмила Шекеринска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе.

Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Амандманот не се прифаќа.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријават за збор.

Благодарам.

По амандманот за збор се јави и има збор госпоѓа Радмила Шекеринска, повелете.

**Радмила Шекеринска:** Благодарам претседателе.

Со овој амандман пратеничката група на СДСМ предлага законот да не дефинира највисока месечна основица за пресметување на придонесите. Што значи тоа?

Според предлогот што го дава Владата, дефинираме дека најниските придонеси, нејнискиот износ на кој се плаќаат придонеси е 50% од просечната плата. Во моментот 7.500 денари. Тоа што е новина во законот е дека Владата предвидува и највисоко ограничување, што значи до ова нависоко огранучување ќе се плаќаат придонесите, согласно законот, а над овој износ, многу повисоки плати нема да се плаќаат практично придонесите за здравство и пензиско. Во законот е предложено тој највисок износ да изнесува 4 просечни плати, некаде околу 60 илјади денари.

Што значи тоа? Тоа значи дека како и до сега ВМРО ДПМНЕ победува на избори со една популистички лева реторика, а кога ќе дојде после избори на власт спроведува типично десничарска идеологија. Или, сите оние зборови за заштита на работниците и вработените, се сеќавате тоа од кампањата, олигарсите, завршуваат со серија на закони што ги предлага Владата на ВМРО ДПМНЕ, што им помагаат само на најбогатите во Република Македонија. видливо е дека и ефектите од даночната реформа беа такви. Денес во Република Македонија данок повеќе плаќаат сите граѓани осверн најбогатите кои плаќаат помалку. Во таа смисла ВМРО ДПМНЕ кога е на власт, велам води типична десничарска политика. Тоа го прават и со придонесите.

Што значи тоа? Тоа значи дека пратениците кои земаат, некои од нив можеби заради минатиот стаж итн. над 60 илјди или евентуално некои од фунционерите, тие за одреден износ од својата плата нема да плаѓаат придонеси ниту за здравствено ниту за пензиско. Или велиме ќе ви земеме 12%,10% на сите кои работите за 20, за 30, за 10 илјади меѓутоа тие не земаат 90 или 100 илаjди денари плата, тие за тој висок, повисок дел од платата над 60 илјади, нема да платат.

Тезата што ја промовираше Владата и министерот на некоја од собраниските седници дека, бидејќи сите добиваме исти здравствени услуги, не е фер овие кои заработуваат повеќе да плаќаат повеќе.

Дозволете ми да не се согласам со таквата политика заради тоашто сметам дека на Македонија и е потребно солидарно здравство, во кое тој што има повеќе и ќе плаќа малку повеќе. А тој што ќе има помалку ќе користи,

заради придонесот што сите ние го плаќаме, да има некои базични здравствени услуги.

За жал, на дебата што ја водевме на Комисијата за труд и социјална политика примерите што беа спомнувани од страна на претставниците на Владата и пратениците кои ја подржуваат Владата беа - знаете, тоа не е така во Америка.

И тогаш кажав и сега сакам да повторам, американскиот здравствен систем е едн од најлошите, од најнехуманите системи и тоа го кажуваат прво американските политичари. И ако има едно прашање на кое беше јасно дека кој и да победи во Америка, ќе има крупни реформи , тоа е прашањето на здравството. И делумно, новиот американски претседател Барак Обама победи и заради огромното незадоволство од состојбите во здрвствениот систем во кој важеше веќе сега ВМРО - ската фолозофија. Колку имаш пари, толку здравство ќе добиеш.

За жал не само во овој закон, туку во сите политики Владата на ВМРО ДПМНЕ применува таков принцип. Се настојува голем дел од здравствто да се приватизира и всушност само оние кои немаат никакво друго чаре да мораат да чукнат врата надржавнот здравство. Разликата помеѓу Македонија и Америка е што кај нас огромно мнозиство од македонски граѓани нема да можат да ги добијат привилегиите и на приватното и поквалитено здравство. Лесно е со пратенички или министерски плати да се заговара вакава реформа на здравството затоа што кога не дај боже ни треба имаме каде да отидеме имаме колку-толку да платиме. Меѓутоа ако велиме дека мнозинството македонски граѓани живает со минимални приходи, сметам дека здравството не можеме да го базираме на профит.

Еден од аргументите што ги слушнавме од министетот е дека на овој начин ќе се стимулира дополнителнот здравствено осигурување. Тие во Македонија граѓани кои имаат големи, навистина големи плати, наместо да дадат илјади или две илјади денари во здравствениот систем државен, ќе отидат и ќе си купат приватно здравство, приватни здравствени услуги или ќе се осигураат приватно во некоја осигурителна компанија.

Сметам дека малку ќе добијат оние кои имаат многу, малку ќе изгубат, а нашиот здравствен систем ќе ја плати цената. Не верувем дека за 2- 3 - 4 илјади денари што ќе му одат на оној со голема плата во здравствениот систем, тој ќе биде многу сиромашен. На плата од 100 илјади денари мислам дека нема да го осиромашиме оној кој прима 100 илјади денари со тоа што ќе му побараме 10% од 40 илјади денари, за 4 илјади денари. Тој што има плата од 100 илјади денари, тие 4 илјади денари не ни гледаат како ги троши. а за оној кој живее од плата 4- 5- 10 илјади денари, за него е многу битно дали здравствениот фонд ќе биде банкротиран или ќе функционира и колку-толку ќе нуди некакви услуги.

Сметам дека ова е сериозно, можеби и идеолошко, можеби пред се политичко прашање, живееме во држава во која разликите помеѓу богатите и сиромашните се зголемуваат од ден на ден. За жал тие се видливи веќе и во образованието. Децата на богатите добиваат поквалитено образование, децата на посиромашните многу слабо образование. Сега се веќе видливи и во здрвството. Оној кој може да плати добива шанса да го спаси животот и здравјето , оној кој не може ќе живее додека може и како може. Со вакviот систем таа разлика уште повеќе ќе се зголеми.

Министерот излезе со аргументација што принципиелно ја прифаќам. Не е во ред некој кој има голема плата и одвојува повеќе пари, можеби одвоил 10 илјади денари, тој да има иста услуга кога оди на лекар како и оној кој прима плата од 10 илјади денари и платил 1000 денари здравствено осигурување. Меѓутоа ајде да бидеме искрени и да кажеме дека кога ќе се појави пратеник на лекар, кога ќе се појави не дај Боже во Клинички центар, сите вие ќе добиете подобра здравствена заштита од работникот кој зема 10 илјади денари плата. Истото се однесува и на луѓе кои имаат поголеми приходи, на директори, функционери.

Затоа праиказната дека тој, невработениот на минималец добива иста здравствена услуга како вие, како ние , како министрите и директорите е приказна за мали деца.

Ако усвоиме ваков ќе покажеме деке не сме ни трунка, ни малку солидарни и ни малку не водиме грижа за здрвствениот систем што колку- толку може да понуди основна заштита на здравјето и на оние луѓе кои не можат тоа самите да го исфинансираат.

Би сугерирала и апелирала до сите пратеници да размислат, сите оние гласачи кои живеат навистина со мали плати и кои зависат, нивното здравје и здрајвето на нивното семејство од квалитетот на нашиот здравствен систем. Дали ќе понуди некоја услуга или нема да понуди. Гледате што се случува во икс клиники , како деца кои се болни од болести навистина понекогаш има проблеми да ги добијат квалитетните лекови. Од една страна штедиме таму кад што не треба, на здравјето на луѓето, на здравјето на децата, а од друга страна велиме дека има пари, подобро е да ги насочиме кон приватни здравствени осигурувања.

Сметам дека ова нема да го замерат дури ни оние кои имаат поголеми плати и на кои се однесува ова решение. Затоа што и тие не сакаат Македонија да се претвори во држава во која на улица ќе ни боледуваат или не дај Боже умираат луѓе. Тоа е резултат на безмилосен систем што се базира само на профит. Во Македонија до сега градевме солидарен ситем и сметам дека тоа треба да го продолжиме. Тој кој има помала плата плаќа помалку, тој кој има поголема плата, фала Богу има доволно пари за да плати повеќе во нашиот заеднички здравствен систем.

Тркалото се врти еднаш имате голема плата и можете да си дозволите повеќе за осигурување , друг пат нема да имате толку голема плата. Добро е да знаеме дека оваа држава се грижи и за своите најсиромашни и најслаби.

Ама, да ги спомнуваме граѓаните, да ги спомнуваме и децата, болните само во предизборни кампањи, а потоа кога гласаме закони да не се грижиме за тоа како функционира државното здравство е лицемерие што граѓаните го паметат и го казнуваат.

Предлагам да го прифатите амандманот и во Македонија сме подготвени да градиме солидарен здравствен систем и да им помогнеме на оние кои зависат од државното, а не можат да си дозволат приватно здравство. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе.

Госпоѓата Шекеринска изврши класична на теза. Прилично бевме коректни на Комисијата за труд и социјална политика, таму имаше и повеќе време, сепак кога се работи за максималната основица за пресметка на придонесите во здравството, истата се предвидува и за пензискиот придонес.

Морам да истакнам никој не направил споредба со Америка. Под Америка разбирам и Латинска Америка и Канада, значи се мисли на САД, затоа што во САД не може да се прави споредба. Таму нема систем на национално здрвствено осигурување како што има во Македонија. Оној кој барем малку ги познава системите, а мислам дека спаѓам во оние кои нешто знаат за тоа не може да прави никаква споредба.

Понатаму да се тврди дека сега системот на здравство ќе стане помалку фер одошто е,како да е фер и самата посочивте за тоа пример, со тоа што еден мал дел од средствата веројатно минорен, затоа што е мал во вкупниот број на вработени и осигуреници на здравствено осигураните лица кои имаат повисоки, над износот што го спомнувате, доходи, ќе бил загрозен вкупниот здравствен систем навистина не држи и воопшто не е коректно.

За јавноста да спомнам, тоа што го кажав и во воведното излагање, експозето и некои го цитираа тука се обезбедува системот на солидарност. Без разлика дали плаќате на основица што е половина од просечната плата или плаќате на основица што изнесува 4 просечни плати, значи распон 1:8 вие сте упатени на ист квалитет на здравствени услуги, на ист пакет. Повторно е принципот дека не зависи квалитетот и пакетот на услугата од тоа колку плаќате, колку придонесувате. Со ова се настојува да се постигнат најмалку две работи:

Да се постигне една мотивација што ги тера вработените, онаму каде се остваруваат повисоки примања и нивните работодавачи да ги прикриваат повисоките плати и да изнаоѓаат најразлични начини да работат нерегуларно, затоа што тоа е нивното чувство. Сепак, тие сметаат заради ограниченоста на максималната пензија можеби е добро да се ограничи и максималната основица за плаќање на пензиски придонес, а дека распонот 1:8 кај придонесите за здравсто го опфаќа принципот на солидарност.

Вие госпоѓо Шекеринска 15 години во законите, колку се сеќавам имаме можност за дополнитерлно здравствено осигурување. Но тоа не заживеа. Нудиме можност да заживее. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Шекеринска Радмила.

**Радмила Шекеринска**: Министерот говореше 3 минути не кажа каде се заменето тезите освен играта САД и Америка. Денеска знаеме каде се изборите и за што зборувам.

Ако зборувам е за солидарност, за солидарен фонд, се знае на што се мисли. Зошто Владата, на пример не одлучи над 60 илјади денари плата да не ја оданочува. За да стимулира прикажување на реалните плати. Зошто инаку би ги криеле платите. Ги кријат платите за да не платат повеќе придонеси, повеќе даноци. Е сега Владата, класично не штеди само на себе. Ги тера работодавачите да штедат на сметка на работниците со тоа што вели нема минимум плата и второ ги тера да штедат на здрвствено осигурување што се одразува на квалитетот на здравството.

Да резимирам Владата нема да се откаже од ниту една реклама од не знам колку стотици илјади евра, но ќе се откаже од подобар здравствен систем и таму само за здравјето на граѓаните ќе штеди. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Реплика има госпоѓа Авировиќ Владанка, повелете.

**Владанка Авировиќ:** Благодарам претседателе.

Ќе реплицирам во однос на делот каде што е голема загриженоста како лево ориентирана партија, јас произлегувам од лево ориентирана партија.

Добро е работниците да ги зголемуваат своите право во однос на сите закони. Како левичар навистина се согласувам прогресивно да се однесуваат деловите кои што ги земаат луѓето кои што имаат повисоки плати, меѓутоа вредно е за анализа да се каже дали и колку плаќаат тие персонален данок на доход и дали ако плаќаат сразмерно со земената плата тие ќе имаат и повисока пензија. Тоа е една анализа која што треба да ја извршиме.

Меѓутоа, ме загрижува една друга работа од колешката, бидејќи таа е долго во политиката.

Зошто ако сакаше правата на работниците да бидат така запазени во целиот период на транзиција, а така убаво им ги дадоа фабриките на олигарсите, зошто толку многу работници,

илјадници работници останаа надвор без социјално згрижување.

Сега пропагираме да се вратиме малку на левата опција. Е , не можеме. Пропагираме дека сакаме да одиме во Европа. Тоа значи дека треба да ги примениме пазарните критариуми. Треба да примениме хармонизација на законите ако сакаме да влеземе во Европската унија.

Значи, ние не можеме се да направиме, да заштитиме се, а од друга страна велиме одиме во Европската унија.

Значи, една идеологија, еден прагматизам и едно нешто кое што нема континуитет. Кога сте биле на власт не сте ги спроведувале овие ваши идеи, сега ги спроведувате и сакате да ги спроведувате, а знаете дека не можете.

**Трајко Вељаноски:** Контра реплика има госпоѓа Радмила Шекеринска, повелете.

**Радмила Шекеринска:** Еве зошто Социјалистичката партија на Македонија никогаш нема да стане членка на Социјалистичката интернационала. Тоа е организација која ги обединува и левицата на Шветска, и на Данска, и на Франција, се се тоа земји членки на Европската унија и тие не носат ваков закон, туку носат закони кои што значат прогресивно оданочување и прогресивни придонеси кои земаат повеќе од оние кои што имаат повеќе пари. И земаат помалку од оние кои што немаат.

Што се однесува до нашите улоги во транзицијата, госпоѓо претставник на Социјалистичката партија, да ние како партија во извесни периоди на власт имаме одговорност. Имаме одговорност и ја делиме тука со ВМРО-ДПМНЕ што дозволивме во фирмата која што ја има вашиот претседател на партијата плати да се исплаќаат во бонови. Што дозволивме тие да останат без осигурување и што дозволивме токму тие фабрики преку ноќ да завршат во џеб на едно семејство.

Ама почитувана пратеничке вие сте последната што можете да поставувате прашања.

**Трајко Вељаноски:** Бидејќи е исрепена листата на пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по амандманот е завешен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 64 пратеници. Од нив за амандманот гласаа 12 пратеници, од гласањето не се воздржа никој и против гласаа 52 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 4 за бришење на точка 14, поднесен од пратениците Станка Анастасова, Миле Андонов, Весна Бендевска, Владо Бучковски, Славица Грковска Лошкова, Менде Диневски, Цветанка Иванова, Игор Ивановски, Јани Макрадули, Горан Минчев, Марјанчо Николов, Андреј Петров, Емилијан Станковиќ, Горан Сугаревски, Маринела Тушева, Никола Ќуркчиев, Томе Чинговски и Радмила Шекеринска.

Отворам претрес по амандманот на член 7 став 1 точки 2, 3 и 12, поднесен од пратениците Станка Анастасова, Миле Андонов, Весна Бендевска, Владо Бучковски, Славица Грковска Лошкова, Менде Диневски, Цветанка Иванова, Игор Ивановски, Јани Макрадули, Горан Минчев, Марјанчо Николов, Андреј Петров, Емилијан Станковиќ, Горан Сугаревски, Маринела Тушева, Никола Ќуркчиев, Томе Чинговски и Радмила Шекеринска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам.

Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и амандманот станува составен дел на предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 точка 5, поднесен од пратениците Станка Анастасова, Миле Андонов, Весна Бендевска, Владо Бучковски, Славица Грковска Лошкова, Менде Диневски, Цветанка Иванова, Игор Ивановски, Јани Макрадули, Горан Минчев, Марјанчо Николов, Андреј Петров, Емилијан Станковиќ, Горан Сугаревски, Маринела Тушева, Никола Ќуркчиев, Томе Чинговски и Радмила Шекеринска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам.

И овој амандман придонесува за допрецизирање на некои термини и затоа Владата го прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и амандманот станува составен дел на предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член10 став 1 точки 2, 12 и 13, поднесен од пратениците Станка Анастасова, Миле Андонов, Весна Бендевска, Владо Бучковски, Славица Грковска Лошкова, Менде Диневски, Цветанка Иванова, Игор Ивановски, Јани Макрадули, Горан Минчев, Марјанчо Николов, Андреј Петров, Емилијан Станковиќ, Горан Сугаревски, Маринела Тушева, Никола Ќуркчиев, Томе Чинговски и Радмила Шекеринска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам.

Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и амандманот станува составен дел на предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 10 став 1 точки 15, поднесен од пратениците Станка Анастасова, Миле Андонов, Весна Бендевска, Владо Бучковски, Славица Грковска Лошкова, Менде Диневски, Цветанка Иванова, Игор

Ивановски, Јани Макрадули, Горан Минчев, Марјанчо Николов, Андреј Петров, Емилијан Станковиќ, Горан Сугаревски, Маринела Тушева, Никола Ќуркчиев, Томе Чинговски и Радмила Шекеринска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам.

Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријавата за збор.

За збор се пријави пратеникот Горан Сугаревски.

**Горан Сугаревски:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги пратеници, почитуван министер за финансии,

Овде предлагаме, бидејќи законот за правата на безбедносните сили и нивните семејства не е донесен, се надеваме дека за нив ќе биде обезбедена здравствена услуга, меѓутоа треба да се дефинира кога тој закон ќе биде донесен. Ние неколку пати инсистиравме таа точка на дневен ред да дојде на дневен ред, меѓутоа седницата веројатно никогаш нема ни да се одржи.

Исто така и во прераспределбата на средства која што Владата на Република Македонија ја направи не беа одобрени 108 милиони денари кои што ги баравме, па се надеваме дека во паричниот надоместок кој што тие ќе го добиваат до добивањето да имаат здравствена услуга. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исрепена листата на пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Амандманот го ставан на гласање.

Ве повикувам да гласање.

Вкупно гласаа 61 пратеник. Од нив за амандманот гласаа 12 пратеници, од гласањето не се воздржа никој, а против гласаа 49 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 7 став 1 точки 2, 3 и 12, поднесен од пратениците Станка Анастасова, Миле Андонов, Весна Бендевска, Владо Бучковски, Славица Грковска Лошкова, Менде Диневски, Цветанка Иванова, Игор Ивановски, Јани Макрадули, Горан Минчев, Марјанчо Николов, Андреј Петров, Емилијан Станковиќ, Горан Сугаревски, Маринела Тушева, Никола Ќуркчиев, Томе Чинговски и Радмила Шекеринска.

Отворам претрес по амандманот на член 12 став 1 точки 2 и 3, поднесен од пратениците Станка Анастасова, Миле Андонов, Весна Бендевска, Владо Бучковски, Славица Грковска Лошкова, Менде Диневски, Цветанка Иванова, Игор Ивановски, Јани Макрадули, Горан Минчев, Марјанчо Николов, Андреј Петров, Емилијан Станковиќ, Горан Сугаревски, Маринела Тушева, Никола Ќуркчиев, Томе Чинговски и Радмила Шекеринска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам.

Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и амандманот станува составен дел на предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 14 став 1, поднесен од пратениците Станка Анастасова, Миле Андонов, Весна Бендевска, Владо Бучковски, Славица Грковска Лошкова, Менде Диневски, Цветанка Иванова, Игор Ивановски, Јани Макрадули, Горан Минчев, Марјанчо Николов, Андреј Петров, Емилијан Станковиќ, Горан Сугаревски, Маринела Тушева, Никола Ќуркчиев, Томе Чинговски и Радмила Шекеринска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе.

Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријават за збор.

За збор се пријавија пратениците Марјанчо Николов, Јани Макрадули и Радмила Шекеринска.

Има збор господинот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Овој амандман исто така се однесува на надоместокот за храна и превоз и со него се бара во основицата за пресметка и плаќање на придонесите да влезат и овие надоместоци.

Претходно зборувавме дека една од опасностите на овој закон е да ги скрати работничките права по основ на примањата кои што ги остваруваат досега работниците. Непостоењето обврска работодавачите при пресметката на бруто платата, според овој нов концепт во бруто платата да ги внесат и надоместоците за храна и превоз.

На барање на синдикатот, веројатно такво барање е упатено и до Министерството за финансии кога се држеле консултации по однос на донесувањето на овој закон ова е една од главните забелешки и барање и мислам дека со право се поставува дилемата дека постои опасност надоместоците за храна и превоз да не бидат внесени во бруто платата.

Кажавме претходно дека оние кои што примаат плата преку Буџет, буџетските корисници сигурно и сите јавни претпријатија ќе ги вкалкулираат овие надоместоци во бруто платата, но се

поставува прашањето што ќе прават оние работници кои што работат во приватни фирми, приватен сектор, а кои што досега го примале овој надоместок во паричен износ.

Не постои обрвска работодавачот и понатаму ова да им го исплаќа како надоместок. Ниту постои обврска да го калкулира во бруто платата. Се создава можност да го изгубат ова право работниците, а не се работи за мал надомест.

Според пресметките на Министерството се однесува некаде за 3.800,00 денари што не е точно, мислам дека е над 4.500,00 денари со се надоместоците за храна и превоз, онаму каде што се исплатуваат во висина од 25%.

Кај буџетските корисници е 3.200,00 денари. Значи, автоматски создаваме предуслов работниците да останат без овие 4.500,00 денари.

Затоа колеги пратеници добро е да се прифати овој амандман.

Владата со дополнителните закони што ќе ги предложи до Собранието за да може овој систем да функционира добро е да го предложи законот за најниска плата во кој што ќе бидат внесени, или да предложи измени и дополнувања во кои што покрај задолжителната обрвска за внесување на надоместоците за храна и превоз една година да бидат ослободени од оданочување се со цел работодавачите да се прилагодат и да не се одведат во состојба наеднаш да им се зголемат придонесите кои што треба да ги платат.

Овој закон во најголем дел има можност, крие опасности да ги скрати правата на работниците. Ќе се намали кај најголем дел од категориите работници придонесот кој што се плаќа за пензиско и инвалидско осигурување, што веќе значи помали пензии во иднина. Кај 240 илјади вработени после 01.01. постои опасност платата да им биде намалена.

Сега ако ја оставиме и оваа можност, работниците да останат без надоместокот за храна и превоз навистина паѓа во вода сето ветување на ВМРО-ДПМНЕ дека води грижа за работниците.

Со сите закони до сега од оваа сфера ги штити работодавачите. И со Законот за пензиско и инвалидско осигурување, и со овој закон и со Законот за работни односи. Навистина колеги треба да покажете малку повеќе волја, макар и да не ислушате...

(Претседателот ги опоменува пратениците со ѕвончето)

... ако веќе имате наредба да не го подржите амандманот. Макар и да не ислушате бидејќи е суштинска работата.

Добро е кога вакви реформи се предлагаат да има дебати. Вие ниту го браните концептот, едноставно цело време се трудите да го релативизирате она што ние го бараме преку дискусии од типот каде бевте тогаш, или зборувате колку нешто да кажете.Ова е суштина и стискањето на копчето не значи само симнување на законот од дневен ред. Значи овој закон стапува на сила, а тој закон предизвидува последици. Ќе има можност директно да се одрази на работиниците. Не е во ред без да дебатираме да не се прифати амандманот.

Значи бараме надоместоците за храна и превозда влезат во основицата за пресметка на платата според новиот концепт предложен од Владата. На тој начин ќе ги заштитиме работниците, посебно нивните примања, ќе овозможиме тие да бидат мотивирани и понатаму да работат максимално се со цел и работодавачот да има можност да ги исплаќа овие придонеси. Во спротивно и нивниот мотив ќе се намали, ќе се создадат незадоволства, а за животнот стандард ако не им се внесат верувајте значително ќе им се влоши. Да му скратите на некого надоместок од 4.000,00 денари, а веќе го примал, во суштина не е добро, сигурно тој човек ќе биде и незадоволен и ќе биде доведен на работ на егзистенција.

Затоа апелирам уште еднаш добро да размислите и да го стиснете зеленото копче за овој амандман.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Можеби ќе се повториме малку но мислам дека прашањето е многу значајно и како СДСМ имаме и обврска со предложените амандмани да се грижиме или да овозможиме законска можност за заштита на работничките права.

Во прилог на нашето тврдење не одат само размислувањата на синдикатот, мене ме радува што и неколку експерти кои што имаат свои колумни во весниците укажуваат на ова, а останува цело време дилемата зошто она што во законот го нема, а ние го бараме, тоа е да има законска обврска работодавачот да исплаќа и храна и превоз, кое би било дел од бруто платата во образложението од Министерството.

Значи во образложението од Министерството, за пресметката за ефектите од реформите во системот на финансирање пишува дека нето платата на работникот во јануари 2009 година не смее да биде пониска од износот што работникот го добива како нето плата и надоместок за храна и превоз во декември 2008 година.

Јас и пратеничката група на СДСМ амандманот го предлагаме така како што го пишува вообразложението на Министеството за финансии, но за жал го нема во законот.

Јас знам и сите ние го споделуваме фактот дека во Република Македонија придонесите што ги плаќаат работодавачите, се големи. Придонесите во Република Македонија се некаде околу 32%. Споредено, даречеме со Грција 16,6% или во Шпанија 19%, Чешка 23%, има земји каде што се и повеќе, во Шветска е 31%, во Германија е 40%, Данска 41,5%, Но ако се грижиме за работодавачите да плаќаат помалку придонеси

кон државата, а го зголемуваме даночното оптоварување, без разлика што има рамен данок што оди во државата, мораме да пројавиме грижа, како Собрание сме должни за тоа без разлика на која политичка партија припаѓаме, заради уставната дефиниција на оваа држава, дека мораме да водиме и социјална политика и грижа за граѓаните во Република Македонија, во овој случај работниците.

Не ми се верува и не сум убеден дека многу работодавачи кога ќе немаат законска об врска тие ќе влезат во варијантата да ги плаќаат храната и превозот. За џабе не се загрижени синдикатите и претставниците на работниците дали работодавачите ќе или не, избираат да плаќаат храна и превоз за работниците.

Остана дилемата,кога немаат обврска да исплаќаат храна и превоз, да не дојде оптоварувањето од друга страна кон работниците, сега дополнителните придонеси што ги плаќаат работодавачите повторно да бидат на товар на работниците. Да појаснам.

До сга ако основицата за плаќање на придонеси била 7500 денари, оние работници кои добиваат плата 5000 денари, тие плаќаат придонеси за 5000 денари, а разликата од 5000 до 7500 денари, придонесите ги плаќа работодавачот. Сега кога сето тоа ќе оди на куп во бруто платата, се плашам дека тоа ќе оди на товар на работниците и не ми се верува дека во јануари 2009 година односно со платата за јануари 2009 година сите работници ќе добијат иста,или што е тенденцијата и духот на бруто платата, да добијат поголема плата. Се плашам дека тоа нема да се случи. Напротив, потврда на нашата загриженост се и пресметките, без разлика што се симулации и господинот министер неколку пати кажа дека тоа е симулација која во пракса ќе биде вредност која ќе зависи од некои десетина други закони кои се во фаза и кои треба да бидат доставени овде до Собранието. Затоа ако се грижиме за работодавачите да плаќаат помалку придонеси, од аспект на помало оптоварување па за тоа да отворат нови работни места, минситерот се надева за 4% повеќе вработени заради овој концепт, тоа го кажа вчера во експозето. Дај Боже. Но, кога се грижиме за работодавачите, ајде да се погрижиме и за работниците, а тоа се два услови кои мора да се исполнат. Тоа р Законот за минимална плата, дефинирање на различен пакет на здравствени услуги илиона што го зборуваме, обврска за работодавачот да мора да исплаќа храна и превоз и тоа да биде вкалкулирано. Затоа експертите велат ова е добар концепт, ама тој концепт не се прави преку ноќ и период кој претстои пред нас може да доведе до одредени дисторзии на пензискиот или здравствениот фонд. Минситерот рече во пензискиот ќе нема проблем, а здравствениот ќе го покриваме од Буџетот за следанта година. Значи иманекоја проценка на намалувањата што ќе се случат во Фондот за здравствено осигурување кои веќе се најавени дека ќе бидат покриенисо Буџетот за 2009 година, но ние се грижиме за сите освен за работниците. Затоа СДСМ го предлага овој амандман законски да ги обврземе работодавачите,кога ќе осетат дека малку се ослободени од оптоварувањето за плаќање на придонеси, па не екстремно да го зголемат профитот, туку малку да се погрижат и за работниците и да не им отвараат мензи и да ги тераат да јадат тоа што мислат они, како што вели тоа пратеникот од ВМРО-ДПМНЕ, туку да им се даде слобода бидејќи во 21 век да не им ја избираме и храната на работниците туку да им дадеме бруто плата и тие да избираа што ќе јадат и каде ќе јадат.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор Радмила Шекеринска, повелете.

**Радмила Шекеринска:** Благодарам претседателе.

Ќе се вратам назад на темата. Мислам дека со тоа неколку, навистина клучни амандмани и претпоставувам дека кај еден дел од пратениците, се јавува малку нервозна реакција дека малтретираме со една иста теза.

Јас се согласувам дека за вработени водржавната админситрација, министри и пратеници, на 60.000 денари, храната и превозот се занемарлив дел од примањата и се согласувам дека за пратениците, за министрите, за директорите на државните институции ова прашање и не постои. Дали храната и превозот ќе биде вклучен или нема да биде вклучен во бруто платата, за сите вас е потполно не битно. Меѓутоа, многу е битно илјадници вработени, особено во приватниот сектор. Прва причина за тоа е затоа што најверојатно вас и сите нас ќе не штити работодавачот и Колективниот догово ри претпоставувам дека администрацијата можеби и ќе се договори со работодавачот да се вклучи превозот и храната во платата. Меѓутоа најголемата причина е тоа што се вели бројки. Ако земата 60.000, 50.000 или 40.000 денари палта, 3.000 денари плус храна и превоз, и без нив се живее. Меѓутоа, кога ќе гласате за овој амандман, ставете се малку во позицијата наоној кој работи за 4 или за 5 илајди денари. Во Република Македонија, точно е дека имаме навистина необјаснива ситуација. Превозот и храната во некои сектори изнесуваат речиси толку колку што изнесува платата. На платата се плаќаат придонеси, на ова не се плаќаат придонеси и се согласувам дека тоа не е добар и стабилен систем. Меѓутоа, мора паралелно, со грижата која денес ја покажуваме, наводно кон фондовите и кон државата, да водиме малку сметка и за оние кои работат за таа многу ниска плата од 4, 5 или 6 илајди денари. Овој амандман за некои семејства и за вработените кои работат за така ниски плати е ужасно важен. Тоа е разлика колку од небо до земја. Дали ќе носите 4 илјади денари или ќе носите речиси 8 иилјади денари и прашање на живот и смрт, прашање на прехранување или не, на семејството. Тоа одлучува дали ќе го пуштат детето во

образование, а не глобата и казните кои ги спроведе и ги изгласа ова парламентарно мнозинство и оваа Влада. Значи размислувајте што ќе се случи со, еве погледнете, околу 40 илајди вработени кои примаат палта под 10 илајди денари и кои преживуваат заради тие 3.800 денари за превоз и храна. Бидејки сега веќе не стои таа обврска во законот, од утре до колку работодавачот има било каков проблем, тој ќе закине таму каде што е најтенко и ќе рече овие вработени немаат алтернатива, тие и сега работат за мала плата, ајде уште малку да ги скратам приходите и ќе ја направи заштедата за сметка на работникот. Зошто? Заради тоа што паралелно со оваа дискусија дека треба да ги ослободиме работодавачите за да вработуваат нови, Владата во исто време на многу од тие работодавачи им ги зголеми даноците. Ќе повторам, Владата не штеди само на себе, а многу лесно штеди на грбот на работникот, на грбот на малите фирми, на грбот на средните фирми. Токму поради тоа сметам дека и пратеничката група не бара ништо повеќе, но и ништопомалку од тоа што стои во документот кој ни го достави Валдата односно Министерството за финансии. Значи ако веќе Валдата односно Министерството за финансии во свој документ потпишан од страна на одговорниот во Валдата односно Министерството за финансии, вели дека нето платата на работникот, значи платата која си ја носи дома, во јануари 2009 година не смее да е пониска од износот кој работникот го добива како нето палта и надоместок за храна и превоз во декември 2008 година. Ако тоа го пишува Валдата и Министерството за финансии, зошто тоа не го пишува во законот. Ако сметаат дека тоа е целта која треба да се постигне, сега е вистинскиот момент да се прифати амандманот предложен од пратеничката група на СДСМ. Значи само на таков начин ќе покажеме дека не пишува Министерството за финансии политички флоскули, а потоа во законите предлага нешто сосема друго.

Да заклучам.Погледнете ги табелите и видете, се работи за бројка, која не е занемарлива, на луѓе кои преживуваат токму со храната и превозот. Бидте отворени, ако веќе тоа не го прифаќате во законот, излезете пред јавноста и кажете, одреден број на фирми во Република Македонија нема да исплаќаат превоз и храна и на ова парламетнарно мнозинство баш им е гајле за тоа. Некои фирми ќе направат математика, анализа и според нивната логика нема да можат да го издржат притисокот и ќе одлучат да штедат на превозот и храната. За тоа дирекна одговорност не можете да кажете, фирмите се виновни па да ги искритикувате преку медиуми, како што то амилува да го направи вице премиерот, ќе ги искара, ќе каже тоа се лоши, луѓето мислат за профит, ама кога треба тој како министер да го регулира ова прашање во законот,тогаш дига раце и вели пазарот на трудот нека одлучи.

Бидејки пред малку се поведе дебата од политичка и идеолошка природа, јас само сакам да им укажам на пратениците дека апсолутно не е точно дека ова не можеме да го прифатиме во законот заради тоа што сме сакале да одиме кон Европа, а тоа Европа не го прифаќала. Тоа е типична манипулација со директивите и критериумите на Европската унија. Евроспката унија е базирана на пазарна економија, ама таа се разликув аод сите други држави или организации во светот по тоа што ја измисли и ја сочувува социјалната димензија на своето функционирање. Нема држава во Европската унија која функционира без социјален модел. Мене сега ми е логично што претставниците, неколкумината од Социјалистичка партија излегуваат и не сакаат да ја слушнат оваа дебата, бидјеки тие, ако се земат предвид тие критериуми, по никој принцип тие не можат да бидат социјалисти, бидејки гласаат за секоја десничарска политика што ја предлага Валдата. Меѓутоа ако веќе зборуваме за ЕУ, Европската унија подразбира дијалог помеѓу партнерите, значи дијалог со синдикатите, дијалот со коморите, дијалот со работодавачите, нешто што не постоеше за неколку закони во минатото. Исто така подразбира и социјален модел, меѓу другото и систем кој ќе гарантира пристоен живот, помали разлики, добро здравство, солидарно здравство и пензиски систем. Значи ако сакаме да се исполни тоа што Министерството само го кажува дека е цел на законот, треба да се прифати амандманот. До колку амандманот не се прифати, одговорноста за тоа ја носи парламентарното мнозинство предводено од ВМРО-ДПМНЕ кое им порача на вработентие, особено оние во приватниот сектор дека преку ноќ, без да го прочитаат законот се согласило нивните примања речиси и да се преполоват и тоа во услови на глобална криза, во услови на висока инфлација која гледаме и покрај најавите од Владата, не се намалува и тоа инфлација која најмногу ги удира посиромашните, бидјеки основните прехранбени производи без кои не се може, растат повеќе, е навистина неодговорна политика. Затоа и во име на пратеничката групана СДСМ ги поканувам ретките колеги од парламентарното мнозинство кои ја следат дебатата, да го дадат својот глас, вработените во Република Македонија и по 1 јануари да можат дома да ја носат хранарината и превозот. Благодара,

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејки е исцрпена листата на приајвени пратеници за збор, констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Тука ја прекинувам седница и продолжуваме во 15,15 часот.

(Пауза до 15,15 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,51 часот)

**Трајко Вељаноски:** Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 56 пратеници, од нив за амандманот гласаа 10 пратеници, воздржани нема, против гласаа 46 пратеници.

Молам службите да утврдат точен број на пратеници во салата.

(Службите утврдуваат точен број на пратеници во салата)

Во салата се присутни повеќе од 61 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 14 став 1 точка 1, поднесен од пратениците Станка Анастасова, Миле Андонов, Весна Бендевска, Владо Бучковски, Славица Грковска Љошкова, Менде Диневски, Цветанка Иванова, Игор Ивановски, Јани Макрадули, Горан Минчев, Марјанчо Николов, Андреј Петров, Емилијан Станковиќ, Горан Сугаревски, Маринела Тушева, Никола Ќуркчиев, Томе Чинговски и Радмила Шекеринска.

Отворам претрес по амандманот на член 14 став 1 точка 14 алинеја 5, поднесен од пратениците Станка Анастасова, Миле Андонов, Весна Бендевска, Владо Бучковски, Славица Грковска Љошкова, Менде Диневски, Цветанка Иванова, Игор Ивановски, Јани Макрадули, Горан Минчев, Марјанчо Николов, Андреј Петров, Емилијан Станковиќ, Горан Сугаревски, Маринела Тушева, Никола Ќуркчиев, Томе Чинговски и Радмила Шекеринска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

Повелете министре.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе.

Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Амандманот не се прифаќа.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријават за збор.

Благодарам.

Бидејќи нема пријавени за збор, констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 57 пратеници, од нив за амандманот гласаа 9, воздржани нема, против 48 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 10 став 1 точка 14 алинеја 5, поднесен од пратениците Станка Анастасова, Миле Андонов, Весна Бендевска, Владо Бучковски, Славица Грковска Лошкова, Менде Диневски, Цветанка Иванова, Игор Ивановски, Јани Макрадули, Горан Минчев, Марјанчо Николов, Андреј Петров, Емилијан Станковиќ, Горан Сугаревски, Маринела Тушева, Никола Ќуркчиев, Томе Чинговски и Радмила Шекеринска.

Отворам претрес по амандманот на насловот на Глава 6, поднесен од пратениците Станка Анастасова, Миле Андонов, Весна Бендевска, Владо Бучковски, Славица Грковска Лошкова, Менде Диневски, Цветанка Иванова, Игор Ивановски, Јани Макрадули, Горан Минчев, Марјанчо Николов, Андреј Петров, Емилијан Станковиќ, Горан Сугаревски, Маринела Тушева, Никола Ќуркчиев, Томе Чинговски и Радмила Шекеринска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

Повелете министре.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе.

Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Амандманот не се прифаќа.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријават за збор.

Благодарам.

За збор се јави и има збор господин Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Овој амандман се однесува во делот на главата каде што е најниска и највисока основица за пресметка и уплата на придонеси, каде што пратеничката група на СДСМ смета дека не треба да има највисока месечна основица за пресметување односно да има највисока месечна основица за пресметување и уплата на придонесите. Затоа што, ако може претседателе јас се извинувам, бидејќи задоцнивме на координација, пратениците да се смират. Јас знам и се извинувам задоцнивме малку со нашата координација, но уште еднаш да се обидеме да го убедиме парламентарното мнозинство дека дефинирањето на највисоката месечна основица на овој начин како што тоа го направи Владата во која што мнозинство има ВМРО-ДПМНЕ, оди во прилог на она што тие милуваат да ги викаат олигарсите. Тоа е втор потег што оди во прилог на оние што заработуваат или имаат плата во Република Македонија повеќе од 60 илјади денари. За жал, со рамниот данок луѓето кои што имаа големи примања плаќаат 24% персонален данок. Сега, тие плаќаат само 10% и останува повеќе во нето исплатената плата на оние за кои што велиме дека ВМРО-ДПМНЕ така милува да ги вика олигарси. Но, да ве потсетам во Република Македонија придонеси плаќаат и многу генерални менаџери на влијателни компании, кај кои капиталот доаѓа од странство. Тие заработуваат многу повеќе од 100 илјади денари. Ние велиме дека за се што е над 60 илјади денари ги наградуваме и им велиме дека тие не треба да плаќаат во државата, не треба да го полнат фондот здравствен, не треба да го полнат или да префрлуваат средства во Агенцијата за вработување преку данокот, обврската за невработени што стои во обврската од овој закон. Тоа го докажува и примерот од образложението односно симулацијата што Министерството за финансии ни го има доставено и на нас. Имено,

реков со образложениeто од табелите што ни ги даде Министерството за финансии 261602 вработени или 57,2% од вработените ќе добијат во јануари пониска плата. Таму каде што по апсолутен износ имаат најмногу плата или растот е најголем е за оние кои имаат и најголеми примања. Значи, оние кои и сега во овој момент имаат највисока исплатена нето плата или како што ја вика во своето образложение министерот тејхом е, тие ќе имаат и најголем ќар или ефект од ова законско решение на Владата. Наместо тие што плаќаат повеќе, СДСМ смета дека во буџетот на Република Македонија од аспект на придонеси тие што заработуваат повеќе, треба да плаќаат повеќе, а не работникот кој се наоѓа во едни тешки услови дали се тоа во текстилната или чевларско преработувачката индустрија да плаќа онолку колку што плаќа и генералниот менаџер на една од највлијателните меѓународни компании кои што работат во Република Македонија. Затоа, СДСМ смета дека решението да постои највисока месечна основица и тоа да е 4 пати од просечната исплатена плата која што е некаде 15 илјади, па ќе дојде 60 илјади е лошо решение. Нема да го полни буџетот од луѓе кои заработуваат многу, туку само ќе ги нападнат работниците, бидејќи се сомневаме дека работодавачите ќе го исполнат барањето од синдикатот и хранарината и превозот ќе ги вклучат во исплатената плата. Бидејќи законот вели дека на износот повисок од највисоката месечна основица не се пресметуваат и оплодуваат придонеси, Владата на оние кои заработуваат многу им ги заштедува и така големите пари и не го полни буџетот од оние кои заработуваат повеќе. Тоа е можеби одлика на десните конзервативни партии, ама на изборите слушавме други тонови од страна на пратениците кандидати или од премиерот од ВМРО-ДПМНЕ. Како што се покажа дека ниту за името ќе одлучува народот, така со овој закон ВМРО-ДПМНЕ не се грижи за работниците. Напротив, од ова ефект ќе имаат само по на ВМРО-ДПМНЕ терминологијата олигарсите и ќе имаат ќар оние генерални менаџери на меѓународни компании или домашни менаџери, дај Боже да има повеќе такви, успешни кои имаат поголема плата од 60 илјади денари. Тие за се што е над 60 илјади денари нема да дадат ни денар придонес, нема да ни дадат ни денар персонален данок во Буџетот на Република Македонија. Затоа, пратеничката група на СДСМ смета дека мора да се заштитат оние со помала плата, мора да се заштитат оние кои што заради меѓународните финансиски текови во светот кои што по тврдењето на Владата ќе ја одминат Македонија, ќе бидат подлежни на нови поскапувања, на нови струјни ценовни шокови и кои што после Нова Година, покрај зголемените трошоци за затоплување, парно и електрична енергија ќе мора да плаќаат зголемени цени на производите, ама за тоа ќе добиваат помалку плата.

Затоа, сметаме дека ова решение на дефинирање на највисока месечна основица, ќе има сериозен негативен ефект на многу семејства во Република Македонија. СДСМ смета дека тоа не треба да се донесе. Ова е шанса пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ да го спречи обидот за дополнително осиромашување на граѓаните на Република Македонија и на заштита на оние луѓе што добиваат помалку плата, а да ги натераме во буџетот соодветно повеќе средства да вложуваат оние што заработуваат повеќе. Со ова можеби Владата сака да го стимулира трансферот кон приватните пензиски фондови. Но, да бидеме реални колку сме направиле услови сето тоа да функционира онака како што е генералната идеја на законот. Вака, на овој начин само ќе го зголемиме јазот помеѓу богатите и сиромашните и на овој начин само ќе направиме буџетот да се полни со притисок, бидејќи тоа го вика законот или да направиме од работниците односно законот сака да направи од работниците кодоши за да си го заштитат своето право, кое што апсолутно може да се штити со законски решенија. Ако законот тоа го нуди, тоа ќе го направат инспектори, гледаме тука дека се пријавија тројца што сме имале инспектори од УЈП овде во Собранието, така што можат едукативно да делуваат и на другите инспектори и да донесеме закон со кој што заштитата на работниците ќе го прави системот, а не тоа да биде врз база на кодошење.

Затоа, очекувам ако на ВМРО-ДПМНЕ интерес им се работниците, како што тоа го тврдеа во мај 2008 година, во предизборниот период, да останат достојни на тоа и да гласаат за еден закон во кој што оние што заработуваат повеќе, повеќе и ќе даваат во државата. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 63 пратеници, од нив за амандманот гласаа 12, воздржани нема, против 51 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на насловот на Глава 6, поднесен од пратениците Станка Анастасова, Миле Андонов, Весна Бендевска, Владо Бучковски, Славица Грковска Љошкова, Менде Диневски, Цветанка Иванова, Игор Ивановски, Јани Макрадули, Горан Минчев, Марјанчо Николов, Андреј Петров, Емилијан Станковиќ, Горан Сугаревски, Маринела Тушева, Никола Ќуркчиев, Томе Чинговски и Радмила Шекеринска.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 16, поднесен од пратениците Станка Анастасова, Миле Андонов, Весна Бендевска, Владо Бучковски, Славица Грковска Лошкова, Менде Диневски, Цветанка Иванова, Игор Ивановски, Јани Макрадули, Горан Минчев, Марјанчо Николов, Андреј Петров, Емилијан Станковиќ, Горан Сугаревски, Маринела Тушева,

Никола Ќуркчиев, Томе Чинговски и Радмила Шекеринска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

Повелете министре.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе.

Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Амандманот не се прифаќа.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријават за збор.

Благодарам.

Бидејќи нема пријавени за збор, констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 69 пратеници, од нив за амандманот гласаа 15, воздржани нема, против гласаа 54 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на член 16, поднесен од пратениците Станка Анастасова, Миле Андонов, Весна Бендевска, Владо Бучковски, Славица Грковска Лошкова, Менде Диневски, Цветанка Иванова, Игор Ивановски, Јани Макрадули, Горан Минчев, Марјанчо Николов, Андреј Петров, Емилијан Станковиќ, Горан Сугаревски, Маринела Тушева, Никола Ќуркчиев, Томе Чинговски и Радмила Шекеринска.

Отворам претрес по амандманот на член 17 став 2, поднесен од пратениците Станка Анастасова, Миле Андонов, Весна Бендевска, Владо Бучковски, Славица Грковска Лошкова, Менде Диневски, Цветанка Иванова, Игор Ивановски, Јани Макрадули, Горан Минчев, Марјанчо Николов, Андреј Петров, Емилијан Станковиќ, Горан Сугаревски, Маринела Тушева, Никола Ќуркчиев, Томе Чинговски и Радмила Шекеринска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

Повелете министре.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе.

Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријават за збор.

Има збор господинот Николов Марјанчо, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Со овој амандман бараме, при утврдувањето на начинот на пресметка и уплата на придонесите која што со акт треба да го направи министерот за финансии да се повикаат и социјалните партнери да дадат свое мислење по однос на предлогот кој што ќе го изготви Министерството за финансии.

За илустрација, се работи за чиста техничка работа, односно систем како ќе се врши пресметката на бруто платата и како ќе се врши пресметката на уплатата на придонесите по однос на истите. Не знам од кои причини министерот не го прифати амандманот. Чисто технички амандман. Ако веќе даваат соопштенија во јавноста, Владата веќе промовира некои проекти дека сите наредни закони ќе ги даваат на јавни расправи со работодавачите.

Од друга страна имаме незадоволни синдикати, кои што веќе најавуваат протести. Не гледам причина за едно обично техничко прашање Владата да не се консултира со социјалните партнери, да се усогласат за методологијата и начинот на пресметка и уплата на придонесите. Ништо повеќе. Повторно министерот си го задржува своето право, можеби ќе изгуби еден час или два часа време од своите работни активности, но ќе има укажано едно должно внимание и кон работодавачите и кон синдикатите. Вака заложбата дека ние сме за дијалог, дека сите законски решенија да ги носиме со дебати, па да се усогласуваме, паѓаат во вода на вакви основни работи. Замислете да побаравме по некое друго прашање овде при утврдување на основицата, да стоеше во Законот да се усогласат социјалните партнери. Тоа немаше шанси министерот да го прифати. Но ова прашање, навистина не ми е јасно зошто го одбива. Да ги повика претставниците на синдикатите да ја претстави методологијата на Министерството за финансии да ги повика работодавачите, исто така да ја претстави методологијата, и едноставно, тие да речат даваме согласност, или имаме одредени забелешки и тоа да биде основа за министерот понатаму да ги отстрани сите недоразбирања во старт на примената на методологијата, без никакви дилеми. Вака повторно останува оној впечаток дека во јавноста упорно се промовираме како прагматични, како флексибилни и сакаме да преговараме, но кога ќе дојде моментот да го покажеме тоа на дело, дури и за едни обични технички работи, Владата настапува од позиција на сила. Затоа мислам дека не е во ред што овој амандман не го прифати минситерот. Ги молам пратениците да го поддржат овој амандман. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 66 пратеници, за амандманот гласаа 13 пратеници, 1 е воздржан против гласаа 52 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 17 став 2, поднесен од пратениците Станка Анастасова, Миле Андонов,

Весна Бендевска, Владо Бучковски, Славица Грковска Лошкова, Менде Динески, Цветанка Иванова, Игор Ивановски, Јани Макрадули, Горан Минчев, Марјанчо Николов, Андреј Петров, Емилијан Станковиќ, Горан Сугаревски, Маринела Тушева, Никола Ќуркчиев, Томе Чинговски и Радмила Шекеринска.

Отворам претрес по амандманот на член 18 став 1, поднесен од пратениците Станка Анастасова, Миле Андонов, Весна Бендевска, Владо Бучковски, Славица Грковска Лошкова, Менде Динески, Цветанка Иванова, Игор Ивановски, Јани Макрадули, Горан Минчев, Марјанчо Николов, Андреј Петров, Емилијан Станковиќ, Горан Сугаревски, Маринела Тушева, Никола Ќуркчиев, Томе Чинговски и Радмила Шекеринска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелее.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе,

Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа. Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријават за збор.

Има збор Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе,

Сосема накратко, овој амандман е во согласност со барањата на синдикатот, а се обидуваме да направиме усогласеност со Законот за работни односи каде што работодавачите имаат обврска да исплатат плата до 15-тиот ден во месецот.

Бидејќи сега одиме на конвергенција, односно централизирање на собирањето и контролата на придонесите од страна на УЈП, реков концепт кој што е добар, доколку се работи за една апсолутно, независна институција и бидејќи се работи по електронски пат, мислам дека нема потреба од два дена плус што ги бара Владата за да ги исконтролира Управата за приходи сите придонеси и на тој начин да се изврши исплатата на платата.

Сметаме дека е во корист, не само што е во корист на работниците, туку во корист, во функција на спроведување на Законот за работни односи да оставиме простор од 7 дена, да може после пресметката и после добиените потврди од УЈП, да може да се исплати плата до 15-ти во месецот, бидејќи тоа Законот за работни односи го бара. Затоа, амандманот што го предложи Синдикатот, го поднесе пратеничката група на СДСМ, бидејќи е разумен и оди во интерес на работниците во Република Македонија, кој што реков, не само што оди во интерес на работниците туку е законска обврска до 15-иот ден во месецот се добие и плата.

Бидејќи Владата не го прифати овој амандман, се надеваме дека парламентарното мнозинство ќе излезе во пресрет на работниците. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласа 74 пратеници, за гласаа 15, воздржани нема, против глалсаа 59 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 18 став 1 поднесен од пратениците Станка Анастасова, Миле Андонов, Весна Бендевска, Владо Бучковски, Славица Грковска Лошкова, Менде Динески, Цветанка Иванова, Игор Ивановски, Јани Макрадули, Горан Минчев, Марјанчо Николов, Андреј Петров, Емилијан Станковиќ, Горан Сугаревски, Маринела Тушева, Никола Ќуркчиев, Томе Чинговски и Радмила Шекеринска.

Отворам претрес по амандманот на член 22 став 1, и за бришење на ставот 2, поднесен од пратениците Станка Анастасова, Миле Андонов, Весна Бендевска, Владо Бучковски, Славица Грковска Лошкова, Менде Динески, Цветанка Иванова, Игор Ивановски, Јани Макрадули, Горан Минчев, Марјанчо Николов, Андреј Петров, Емилијан Станковиќ, Горан Сугаревски, Маринела Тушева, Никола Ќуркчиев, Томе Чинговски и Радмила Шекеринска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе,

Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријават за збор.

За збор се јави Јани Макрадули и господинот Андонов Миле.

Има збор господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе,

Почитуван министре, јас уште еднаш на почетокот сакам да кажам дека повторно има зелени копчиња што светот на места кај што нема пратеници и да изразам жалење што уште пред 10-тина години, не се прифати понудата на Електротехничкиот факултет, ќе го решеше тој проблем, само се одбра друга компанија што го изработи софтверот за регистрација и гласање.

Да се вратиме на амандманот. Членот 22 од непознати причини, бидејќи не го добивме тоа во образложението на министерот зошто го одбива амандманот, на работникот му дава задачи кои што апсолутно не треба да ги има.

Имено, обврзникот за плаќање на придонеси, без разлика што е работникот, целата уплата на придонесите ќе ја прави работодавачот, Законот вели дека е должен да ја извести УЈП, доколку обврзникот за пресметка и уплата, а тоа е директорот, работодавачот на придонесите, постапи спротивно од ставот 1, односно да му покаже дека се платени придонесите.

Јас и сабајле реков ова е листот на кој што ние добиваме плата. Ниту пишува за нашиот работодавец овде, ниту има печат, ниту има потпис. И дека овој документ некој ќе го добие и ќе му рече ти ги платив придонесите. Ајде да позборуваме за работници кои што се со низок степен на образование и спаѓаат во групата на ниско квалификувана работна сила во Република Македонија. Кога ќе видат ваков лист, кој што е случаен и од место до место на организација е различен, тој можеби ќе помисли, бидејќи сите ние мислиме и му веруваме на овој лист, иако нема ништо дека е од Собранието на Република Македонија, дека нашиот работодавач господинот Трајко Вељаноски ги платил придонесите. И ние му веруваме на било кој работодавач, бидејќи нема унифициран документ и затоа ние сакаме прво да има некој унифициран документ, како што постојат реков сабајле ПП М-1 ММД, сите што постојат тие скратеници на унифицирани и стандардизирани документи. Се надевам дека во актот што ќе го пропише министерот, после член 17 мислам дека беше, можеби тоа ќе се регулира, затоа и сакаме да укажеме.

Сега, работодавачот ќе му покаже на работникот некој лист. Тој ќе помисли дека е тоа во ред. Кога ќе сфати работникот дека тоа не биле платени придонеси, ќе дојде УЈП ќе му рече на работникот дајми 1000 евра казна, треба да платиш, бидејќи тоа што ти го покажал работодавачот, ти си требал да бидеш магионичар, или да си стручњак како инспектор од УЈП, како колегата Деркоски, да знаеш дека тој е документ кој што не ги исполнува условите дека се платени придонесите. Сега, каде работникот има плата од 5000 денари, затоа што работодавачот го злоупотребил, ќе треба да плати 1000 евра казна, бидејќи работодавачот не ги платил придонесите. И сега, покрај здрава, права институција, како што е Управата за приходи, наместо таа да биде контролор, дали се платени придонесите или не, ние сега ги тераме работниците да станат кодоши, се извинувам за зборот, ама практично е тоа да ги пријават работодавачите дека не се платени придонесите, ама тие нема да знаат, бидејќи нема униформиран, стандардизиран документ по кој што тоа ќе го препознаат. Апсолутно, непотребо застрашување, но тоа е можеби дел од системот на заплашување, кога ќе им се објасни на работниците дека ако случајно кажат, ајде да се обидеме да разбереме за што зборуваме. Работникот со 5000 денари плата, во услови каде што Република Македонија има најголема стапка на невработеност во регионот, за што зборувавме по информамциите на странски консултативни тела, кои што беа објавени во неделникот Капитал, стапката на невработеност во Македонија е најголема. И кога многу за жал, граѓани се приморани да се решат, без разлика на својот степен на образование да работат и за 6000 денари, вие ќе ги натерате да ги пријавуваат, ама ако можат да го детектираат тоа од листот дека се платени придонесите, инаку ќе добијат казна од 1000 евра. Сега, наместо контрола на работодавачот дас врши УЈП, ги тераме работниците да влезат во една кодошка функција, која што не е по описот и пописот на работните места. Сигурно, и ние му верувме на овој лист дека се платени придонесите. Му веруваме, а ако не се, тогаш 120 пратеници по 1000 евра државата ќе се направи милионер, бидејќи можеби еден месец ќе го прерипа ова, не знаеме, му веруваме, дека тоа е така.

Од друга страна, го правиме концептот на Законот го конвергираме кон УЈП. Рековме дека тоа е добар чекор, да бидат на едно место, дали ќе бидат УЈП, тоа е друго прашање во една институција. И сега, фирмата сака да подели плата. Таа ги плаќа придонесите по електронски пат ги доставува сите придонеси во УЈП и таа дава дозвола да се подели плата. Зошто тогаш УЈП не контролира дали е тоа ОК, туку го тераме работникот, кој што мака мачи да скрпи крај со крај, да го кодоши директорот. Мислам, апсолутно нема логика, зошто го правиме овој систем. Тоа мислам дека и министерот во експозето го кажа. Овој систем има за задача да направи дополнтелно поголема контрола, иако во овој момент вие не можете по закон да поделите плата, ако не се платени придонесите. И тоа УЈП го знае. Со пријавата за персонален данок платено и со вирманите што треба да ги донесете за платени придонеси за здравствено пензиско и за невработеност, вие не можете да поделите плата и во овој момент во Македонија. Не можете. Истиот работодавач е и во декември 2008 година и истиот ќе биде и во јануари 2009 година. И сега кога УЈП има контрола, дали се платени придонесите,бидејќи вие носите број на вработени, колку луѓе се ангажирани, на кој начин со која тежина на работното место, има некои на боледување, на породилно и други исклучоци, или правила што постојат во Законот. Врз база на тоа, вие поднесувате пријава по електронски пат, тој во Управата за јавни приходи, го гледа дали е ОК, бидејќи тој систем треба да биде комјутерски поддржан и потоа добивате дозвола да поделите плата.

Зошто сега да го мачиме во страв да живее работникот дали неговиот директор ги платил придонесите или не. Како ќе се чувствува работник што има 5 иљади денари плата кога ќе разбере дека ако неговиот директор не платил придонеси ќе треба да плати на државата 1000 евра, па колку години тој треба да работи за тие пари? И,тој страв дополнително во целиот притисок што го правиме каде полицијата ве казнува од фрлање мастики, ако во пепељара има обележје од тутунски производ случајно ако истресете, ова ќе биде уште бетер и тој ќе се моли не да добие плата од 5 иљади денари, дома кога ќе дојде ќе се моли со семејството случајно работодавачот да уплатил придонеси, инаку ќе треба 1000 евра, 1000 евра не ќе може да ги плати, ќе треба да има општо корисна работа?

Мислам дека е ова апсолутно погрешно решение што само ќе го зголеми теророт и притисокот врз

граѓаните во Република Македонија кој нема врска со концептот на законот затоа што концептот на законот вели една институција ги собира сите придонеси, една институција треба да има поголема контрола, тоа е духот на законот? Зошто тогаш да ги централизираме на 420 илјади вработени во Република Македонија наместо тоа да го прави институцијата која компјутерски ги прибира придонесите и ги прибира информациите.

Ако на едно место точно се знае не можете да поделите плата ако не сте ги платиле придонесите зошто тоа да биде грижа на работникот кој си има свои дополнителни грижи имајќи како да го крпи месецот.

Затоа мислам дека овој амандман заслужува и повеќе внимание, но пред се подршка од парламентарното мнозинство. Благодарам.

**Рафис Алити**: Благодарам господине Макрадули.

За збор е пријавен пратеникот Миле Андонов, повелете.

**Миле Андонов:** Благодарам потпретседателе, почитувани колеги и колешки, почитуван министер за финансии.

Не би сакал да се повторувам во некои дебати со мојот претходник затоа што во многу ќе бидеме слични во образложението на овој амандман по членот 22, меѓутоа, за да биде појасно на јавноста и на работниците односно како што се наречени во овој закон обврзниците, јас ќе си земам за право дословно да го прочитам членот 22.

“Обврзникот т.е. работникот за пресметка и уплата на придонеси согласно прописите од областа на работните односи е должен да му достави заверена писмена пресметка на пресметаните и уплатените придонеси на обврзник за плаќање на придонеси најдоцна 15 дена од денот на исплатата на платата или дел од платата”.

Во членот 2 вели: “Обврзникот за плаќање т.е. работникот е должен да ја извести Управата за јавни приходи доколку обврзникот не пресмета и уплати придонеси и постапи спротивно на став 1 од овој член”.

Многу се говореше околу овие измени во законот, се зборуваше од аспект на работниците, се зборуваше од аспект на работодавачите, се зборуваше од аспект на Управата за јавни приходи, некои колеги кои биле веќе вработени и таму и јас не знам како да ги споиме сите овие работи во едно.

Едно ќе се согласиме дека работниците и работодавачите не можат едно без друго, мора да постојат и двете категории за да опстојува и да се спроведува овој закон. Меѓутоа, што бара сега Управата за јавни приходи кај овие две категории.

Управата за јавни приходи е онаа која треба да ја врши контролата и да ја врши наплатата на јавните давачки меѓу кои, како што денеска зборуваме за социјалните придонеси за пензиско, здравствено и вработување.

Во досегашните излагања на Владата во нејзините кампањи, во нејзините предиизборни и постизборни програми Управата за јавни приходи беше окарактеризирана како успешна. Тоа се потврдува до некаде и со суфицитот во Буџетот со тоа што до сега, рака на срце, наплатата по сите основи од Управата за јавни приходи е вршена експедитивно. Што бара сега Управата за јавни приходи да бара помош од работниците. Мисламе дека овде недостасува еден исчекор кој не е доследен на таа институција и да ги инволвира работниците односно како што ги нарекува во овој закон обврзниците да и помага во наплатата на социјалните придонеси.

Сведоци сме секојдневно дека Управата за јавни приходи преку своите аналитички контроли и сметки секојдневно ги известува и ги опоменува обврзниците и доколку по таа опомена не се постапи, стапува во наплата на затаените давачки. Мислам дека тоа функционира и како што претходниот говорник Јани Макрадули наведе дека овде треба да се смени улогата не обврзникот- работникот да ја известува Управата за јавни приходи за платени точно прасметани давачки или не, туку обратно Управата за јавни приходи треба да ги известува работниците.

Прво, мислам дека така ќе постапува, ќе ги опоменува работодавачите дека не се поднесувани точни и навремени пресметки, па после согласно на тоа ќе им дава решение за да го спроведат и платат и на крајот ако не може Управата за јавни приходи во прво време да поднесе секој месец за секој работник да ги известува за тие промени може, барем како што е и во законот ставено, по истекот на годината најдоцна до 15-ти февруари секој вработен во оваа држава да добие известување од Управата за јавни приходи дека му се платени или не му се платени придонесите по основ на бруто плата.

Не би се повторувал со претходните дискутанти со кои во целост се согласувам дека обврзникот е тој што треба да ја преземе таа улога и со енормно високата казна од 1000 евра која се споменува во натамошниот член 29 од овој Предлог закон за измени, мислам дека ако е избрзано решението од страна на Управата за јавни приходи барем ќе бидат доследни во неговата примена да ги имаат во увид овие наши излагања и залагања да се растоварат работниците и работодавачите од огромните давачки и секако да се најде еден модел, еден начин тоа да биде на обострано задоволство сите да се залагаме да функционираат наплатите и да функционираат фондовите за пензискко и здравствено осигурување и на тој начин да дојдеме до посакуваните резултати како што ги предвидува овој закон.

Меѓутоа, вака со вакви тензии и вакви притисоци по работниците и работодавачите мислам дека ќе има делумен успех, ќе има аверзија спрема овој закон и секој ќе гледа на некаков начин да

биде покриен, да ескивира ако погрешил, зборувам и од страна на обврзникот и од страна на работодавачот и мислам дека Министерството за финансии и Управата за јавни приходи ќе треба во наредниот период во имплементацијата и во спроведувањето на овој закон да ги имаат овие забелешки. Благодарам.

**Рафис Алити:** Благодарам и јас.

За реплика е пријавен пратеникот Ратко Димитровски, повелете.

**Ратко Димитровски:** Благодарам потпретседателе.

Ќе настојувам да бидам краток, со претходниот дискутант потекнуваме од исто место и ги споделуваме оние тешкотии и оние проблеми кои ги имаат и работодавачите и вработените заедно.

Во еден дел се согласувам во делот на висината на казната, на прекршокот, на прекршочната казна, меѓутоа во другиот дел никако не можам да се согласам заради тоа што секојдневно ги имаме случаите кои се јавуваат кај нас како претставници на власта за неправилностите, неправдите, трагедиите кај вработените во претходните 15-20 години.

Еднаш го кажав, сега ќе го повторам случајот со еден вработен кој работел 30 години, меѓутоа, последните 15 години воопшто не му биле евидентирани во пензискиот стаж, за здравство и вработување не се тема на дискусија, туку подоцна, меѓутоа за овие кои треба да ги ужива благодетите од пензијата, нема на кого да се пожали. Отиде во фирмата каде работел, меѓутоа во фирмата воопшто не го примаат. Во компанијата му велат дека нема со кого да разговара.

Со овој член се предвидува да има со кого да разговара, има кај кого да се пожали, има кај кого да го пријави дури е облигаторно ако не го пријави дека тој е соучесник во тоа што работодавецот го прави, односно сакал не сакал работодавецот ќе му ги исплати сите давачки кои следуваат по работен однос дали се тоа за пензиско, за здравствено или други давачки.

Токму заради тоа сметам дека овој амандман кој е поднесен од колегите кои се наведени не треба да се прифати, во делот на висината можеби треба да се разговара за тоа што не е во можност, но суштината е дека на овој начин вработениот се става во улога на соучесник во она што се случува со неплаќањето на придонесите односно како што го толкувавме на Комисијата тие не се вработени, тие се отидени некаде да извршуваат други задачи, а не да бидат вработени, да имаат други привилегии од работниот однос.

Токму заради тоа јас ќе гласам против овој амандман. Благодарам.

**Рафис Алити**: Благодарам.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени..(реакција од страна на пратеникот Миле Андонов)..не се пријавивте на време, пратеници за збор, констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 60 пратеници , од нив за гласале 9, воздржанио нема, против гласале 51 пратеник.

Ги молам службите да констатираме точен број на пратеници во салата.

(службите ги пребројуваат пратениците)

Бидејќи во салата во моментот на гласањето беа 64 пратеници, гласањето е валидно.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 22, став 1 и за бришење на став 2, поднесен од пратениците Станка Анастасова, Миле Андонов, Весна Бендевска, Владо Бучковски, Славица Грковска Лошкова, Менде Диневски, Цветанка Иванова, Игор Ивановски, Јани Макрадули, Горан Минчев, Марјанчо Николов, Андреј Петров, Емилијан Станковиќ, Горан Сугаревски, Маринела Тушева, Никола Ќуркчиев , Томе Чинговски и Радмила Шекеринска.

Процедурално бара господинот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам потпретседателе.

Имам три процедурални забелешки и мислам дека се сите мошне важни.

Во однос на последното гласање кога дадовте знак да гласаме во салата немаше 61 пратеник. Додека течеше гласањето влегоа колеги пратеници, а вие откако заврши гласањето баравте да се утврди бројот на присутни во салата. Тие што влегоа отпосле не требаше да ги броите и затоа ве молам во иднина да внимавате вакви пропусти да не ни се случуваат.

Втората процедурална забелешка е во однос на контра репликата што требаше да ја има мојот колега Миле Андонов. Никаде во Деловникот не пишува за колку време може да се јави колегата за контра реплика. Нормално е вие како претседавач со седницата да имате сенс да дозволите пет шест секунди оној што сака да се пријави. Во Деловникот нема точно определено дека мора да се јави веднаш по завршувањето на говорот на колегата кој дал реплика. Мислам дека треба да бидете малку пофлексибилен во тој дел. Претходно и претседателот на Собранието имаше една таква ситуација кога реагираше не се јавивте на време. Никаде нема време. Тоа зависи од сенсот на претседавачот со собраниската седница дали ќе дозволи дебата во Собранието.

Третата забелешка не е до вас, туку до претседателот кога беше гласањето претходно тој замина, чекав да дојде, но еве ќе ја кажам. И по претходното гласање на амандманот имаше ситуација кога на дисплејот беше дадено дека колеги гласале, а не се присутини во салата.

Ова се случува повеќе пати наназад, ве молам да внимавате, ова е Собрание, ако некој си го сфаќа

како забава, па може да си играме со копчињата, мислам дека гласот на секого и во Уставот стои секој пратеник гласа сам по сопствено убедување и во свое име.

Ве молам во иднина да не се случуваат вакви пропусти. Благодарам.

**Рафис Алити:** Благодарам и јас.

Право да ви одговорам на првата забелешка. Не е точно дека немаше 64 пратеници во салата, само еден пратеник влезе во сала и тоа Вулнет Амети, другите беа во салата така што јас не можам да констатирам кои пратеници не гласале воопшто.

Другата забелешка не држи , бидејќи за време на дискусија и за време на реплика пратеникот треба да се пријави на време, вие велите 6 секунди, јас треба да чекам минута или 10 секунди и токму затоа е воспоставена пракса за време на говорот да се јавува за реплика или контра реплика. Благодарам.

Амандман 15

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 29, поднесен од пратениците Станка Анастасова, Миле Андонов, Весна Бендевска, Владо Бучковски, Славица Грковска Лошкова, Менде Диневски, Цветанка Иванова, Игор Ивановски, Јани Макрадули, Горан Минчев, Марјанчо Николов, Андреј Петров, Емилијан Станковиќ, Горан Сугаревски, Маринела Тушева, Никола Ќуркчиев , Томе Чинговски и Радмила Шекеринска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

**Трајко Славески:** Благодарам потпретседателе.

Амандманот не се прифаќа.

**Рафис Алити**: Благодарам.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријават за збор.

За збор се пријавени пратениците Марјанчо Николов, Јани Макрадули и Миле Андонов.

Има збор пратеникот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Овој член од законот мислам дека е еден од најригидните членови. Јасно зборува за намерата на Владата во Република Македонија да воведе систем на казни се со цел како прво да ги плаши граѓаните, а потоа да си обезбеди комотна позиција преку полнење на Буџетот на Република Македонија, кој што потоа си го троши во најголем дел за непродуктивни расходи.

Значи, со овој член се предвидува дека глоба во износ од 500 до 1000 евра во денарска противредност ќе му се изрече на обврзник за плаќање на придонесе односно на работникот доколку не достави известување до Управата за јавни приходи дека обврзникот за пресметка на уплати и придонесе односно работодавачот постапил спротивно од член 22 став 2 од овој закон односно не ја доставил пресметката од која се гледа дека придонесите се платени.

Би сакал да го запрашам министерот директно како ја утврдивте висината на казната и што значи од 500 до 1000 евра. Зошто не е 500 евра? Зошто не е 50 евра, зошто не е 100 евра? Како утврдивте од 500 до 1000 евра кога прекршокот е ист? Би ве замолил да одговорите во интерес на јавноста и во интерес на пратениците како ја утврдивте казната, и дали кога ќе дојдат инспекторите да го казнат работникот ќе определуваат казна од тоа зависи кој на кое работно место е, кој од која партија е, кој која функција ја врши, па дали утре ќе му се најде во животот итн. Како ја утврдивте казната да биде најмалку 500 евра, а најмногу 1000 евра. Не ја разбирам тенденцијата работниците да ги доведувате во ситуација да вршат улога на инспектори. Не можете да ги ставите во ситуација да го кодошат работодавачот дали платил или не платил кога во државата има институција која што е задолжена да ја врши оваа контрола. Но, вие продолжувате со праксата за се да пишувате казни кои што никогаш не ги објаснувате, 50 евра за јавна чистота, таму има редица одредби по кои што го наполнивте Буџетот веројатно веќе со 500 илјади евра, можеби и повеќе, милион се стасани, па за лиценци, па сега со законот за пушење, па сега и работниците ќе ги казните, колку пари ви требаат во Буџетот?

Зошто ги терате луѓето да се плашат? Замислете еден работник да отиде да го пријави работодавачот, што ќе постигне? Утре работодавачот ќе го избрка од работа. Како вие ќе го заштитите да не го избрка од работа ако го пријави?

За работникот е битно да му бидат платени придонесите, овде сите дискутираа дека има многу работници кои што останале со неплатени придонеси. И јас се согласувам со тоа, но што е тоа систем да ги терате сами да се казнуваат. Објаснете навистина господине министер како ова ќе функционира во пракса. Зошто Управата за јавни приходи баравме со претходниот амандман да му достави на работникот макар еднаш годишно дека му се платени сите давачки како што правиме п основ на оние осигуреници што се во вториот кредитен столб. Избришете ја казната, нека има обврска работодавачот да му даде на работникот пресметка, па тој нека си спореди дали му се платени или не му се платени придонесите, па дали ќе ја извести Управата за јавни приходи или ќе поведе постапка против работодавачот е негова работа. Вие сега него го терате намерно и притоа уште го казнувате, а постои опасност да го изгуби работното место.

Колегата Јани зборуваше што ако земе плата од 5000 денари. Еве, нека зема и 20 илјади денари плата, како ќе ја плати таа казна ако му определат од 1000 евра. Три месеци треба да работи за да го плати тоа што го изгубил за еден месец, за да може да ја плати само глобата, а да не зборуваме дека можеби повторно ќе остане со

неплатени придонеси. Нели велите дека законот обезбедува систем во кој што нема можности работодавачот да испати плата, а да не плати придонеси. Сега работникот е најсуштинската карика во овој систем. Ако веќе го правите обврзник зошто не воведете концепт на бруто плата во која што ќе му ги дадете средствата, па по тоа тој нека располага со нив, но ставете обврска дека мора да ги плати придонесите. Вака друг ги плаќа придонесите за него, тој е обврзник за плаќање и тој треба да се грижи за тоа зошто не му се платени придонесите, а парите ги зема државата.

Мислам дека не е во ред  ваквата одредба и треба да го прифатите амандманот, одредбата да се избрише.

Не знам што размислуваат колегите пратеници, но навистина со ваквото воведување на казни сите во Република Македонија ги направивме да се плашат од се. Сега уште фалеше да ги овластите и чуварите на јавниот ред и мир, и тие да можат да казнуваат. Веројатно сложена им е проблематиката па затоа не сте ги внеле.

Затоа колеги пратеници, треба оваа одредба да се избрише од законот. На било кој од нас утре може да ни се случи, кога нема да бидеме пратеници и нема да бидеме под Буџет да оствариме работен однос кај некој приватен. Замислете, тој да не ви плати придонеси, вие да одите да го накодошите,како што вели колегата Јани во Управата за јавни приходи, или да не го накодошите и ќе ви дадат казна од 500 до 1000 евра, а сигурно ќе го изгубите и работниот однос.

Господине министер, втор пат ве прашувам,што во случај ако се отвори судски спора, а не се платат придонесите. Кого ќе го тужи Управата за јавни приходи, дали обврзникот за плаќање, или обврзникот за пресметка и уплата. Тоа е многу убитна работа, затоа што казната што ќе ја плати работодавачот од две до три илјади евра, ако не ги уплати придонесите во иднина не создава простор ако вие го тужите работникот, па тој да бара од работодавачот да му ги плати придонесите. Тоа треба да го објасните, да биде јасно, бидејќи по тој основ може пак да биде оштетен самиот работник, зошто не си ги остварил правата. Тој работник ја заработи платата, има договор со кој што треба да прими плата, има државен орган кој што треба да ги прибере придонесите, немојте него да го ставате во ситуација на контролор. Не е во ред и нема да го мотивирате да мисли на работата туку ќе мисли дали да го пријави работодавачот и да го избрка од работа или да не го пријави и да плати казна од 500 до 1000 евра. Тој систем тешко ќе ви функционира и повеќе ќе создадете забуна и незадоволство кај работниците отколку што ќе најдете решение на проблемот. Благодарам.

**Рафис Алити**: Благодарам и јас.

За збор е пријавен пратеникот Јани Макрадули.

Има збор пратеникот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе.

Мислам дека колегата Марјанчо Николов ги образложи и постави некои прашања, кога од другата страна има ѕид веројатно не вреди ниту да се обидуваме, на оние што се разумни еднаш им се кажува. Благодарам.

**Рафис Алити:** Благодарам и јас.

За збро се пријави пратеникот Миле Андонов.

Има збор Миле Андонов.

**Андонов Миле:** Благодарам потпретседателе.

Почитуван министер ќе ве потсетам на расправата на Комисијата за буџет и финансии кога го разгледувавме предлогот за изменување и дополнување на овој закон.

Меѓу другото ви беше поставено прашањето токму за овој член, за глобата од 1000 евра на работникот доколку не го пријави работодавачот во Управата за јавни приходи. Не бевме удостоени и не ни дадовте тогаш одговор. Од таа причина нашата пратеничка група го поднесе овој амандман и за волја на вистината навистина мислевме дека ќе има сенс кај вас и дека едноставно ќе го прифатевте, па во подоцнешната имплементација и примена на законот ќе најдевте некое друго соодветно решение кое ќе и помогне на Управата за јавни приходи да ги наплатува задолжителните социјални давачки.

Во самиот закон наведовте кој треба да се казни и колку треба да се казни, меѓутоа не наведовте децидно кој ќе ја изрече таа казна. Како полицајците ли ќе биде кај примената на Законот за јавна чистота. Таму стои дека покрај полицијата казна можат да изрекуваат и комуналните редари од локалната самоуправа и референти за комунални дејности, сега се прашуваме и сме сведоци и јавните медиуми, пишуваните медиуми веќе посочија за некои аномалии на тој закон, каде што полицајците не смеат да се вратат на работа ако нема 10, 15 или 20 белешки за изречени казни од 50 евра на луѓе кои ја нарушуваат јавната чистота. Дали и тука ќе им се даде наредба на инспекторите од Управата за јавни приходи да одат  по работниците, да бараат кои се тие работници кои не се пријавени, за аномалиите за пресметка и плаќање навремено на социјалните давачки од страна на работодавците. Со ова сметам дека ја деградирате и омаловажувате улогата и работата на луѓето од Управата за јавни приходи.

Пред се Управата за јавни приходи е финансиска институција, не е биро за жалби и поплаки. Сметам  дека не треба додатна помош и најмалку од работниците, како што ги нарекувате во Законот за обврзници, за реализација на наплата на јавните давачки.

Затоа го поднесовме овој амандман, не би се повторувал со излагањата на моите колеги и сметам дека ќе најдете начин да не го применувате, ако веќе не сакате да го усвоите амандманот. Благодарам.

**Рафис Алити:** Благодарам и јас.

За реплика се јави министерот за финансии.

**Трајко Славески:** Благодарам господине потпретседателе.

Сосема накратко, мислам дека повеќе пати го објаснувавме истото. Не е точно дека не било објаснето на Комисијата за финасирање и буџет.

Почитувани, ова иако изгледа малку парадоксално и вие го драматизиравте членот 22 и членот 29 се со цел да се заштити самиот обврзник за плаќање на придонесите, или на придонесите за задолжително социјално осигурување на работникот.

Овој закон не предвидува директна казна, санкција за обврзникот сега вака дефиниран, според овој закон доколку не ги плати придонесите. Знаете дека во даночното законодавство, а тоа се однесува за придонесите секој обврзник доколку не ги плати давачките треба да биде санкциониран. Значи, зошто зборуваме за двојна заштита.

Првата заштита е можноста, како што повторно тука не беше прецизно изнесувана односно неможноста да се исплати палата без да се платат придонесите. Господинот Макрадули два пати го спомна ова во друг контекст, дека и сега било случај, но сега може да се платат и се плаќаат придонеси, а плата не се исплаќа или се исплаќа плата во кеш итн.

Значи на еден образец заклучно со 15-ти во месецот ќе мора после пресметката да се исплати и плата и придонеси. Тоа е одговорот на вашето прашање.

Казната односно глобата за непријавување, или како што, тука многу помогна господинот Ратко Димитровски за соучешништво во неплаќањето на придонесите мора да ја сноси обврзникот за плаќање на придонеси доколку не учествува во разоткривање на некоја таква завера да не се плаќаат придонеси за задолжително социјално осигурување.

И, ќе продолжам со одговор на другото прашање, за висништа на казната. Таа не е од ракав изнесена. Ако слушавте внимателно јас спомнав дека тоа е минималната санкција од Законот за прекршоци, од 500 до 1000 евра глоба во денарска противвредност и не е тоа мандатна казна што се наплаќа на лице место, па ќе ја наплаќа кој ќе му текне, туку е врз основа на пријава и висината на санкцијата ја утврдува надлежен државен орган.

**Рафис Алити:** Благодарам и јас.

Има збор за контра реплика пратеникот Миле Андонов.

**Миле Андонов:** Благодарам потпретседателе.

За среќа постојат стенографски белешки од работата на Комсијата за финансирање и буџет каде што потенцирав дека за ова прашање останавме кратки од одоговорот на министерот, меѓутоа за тоа постојат и овие пленарни сеници за да се дообјасниме и да се допрецизираме за некои работи.

Во другиот дел кога го спомна примерот за заштита на работниците кое како контра реплика и од претникот Ратко Димитровски, таму се зборуваше за работници кои веќе се напуштени од работа. Едноставно сакаат да си ги остварат своите права за пензија или некои други надоместоци согласно законот. Меѓутоа, овде се поставува прашање за актуелните вработени луѓе, работници, кој нив ќе ги заштити? Благодарам.

**Рафис Алити:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исрепена листата на пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 59 пратеници. Од нив за амандманот гласаа 8 пратеници, од гласањето не се воздржа никој и против гласаа 57 пратеници.

Ги повикувам службите да го констатираме точниот број на пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата)

Ги повикувам пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата за да го повториме гласањето.

Ги молам пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата, да го повториме гласање.

(Пратеници велгуваат во салата)

Во салата се присутни 62 пратеника.

Ве повикувам да гласаме повторно по амандманот. Благодарам.

Вкупно гласаа 58 пратеници, за амандманот гласаа 6 пратеника, воздржани нема,против 52 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на член 29 поднесен од пратениците, Станка Анастасова, Миле Андонов, Весна Бендевска, Владо Бучковски, Славица Грковска-Лошкова, Менеде Диневски, Цветанка Иванова, Игор Ивановски, Јани Макрадули, Горан Минчев, Марјанчо Николов, Андреј Петров, Емилијан Станковиќ, Горан Сугаревски, Маринела Тушева, Никола Ќуркчиев, Томе Чинговски и Радмила Шекеринска.

Отворам претрес по амандманот на член 30 став 1, за менување на точка 7, поднесен од Законодавно-правната комсиија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

**Трајко Славески:** Амандманот се прифаќа.

**Рафис Алити:** Благодарам.

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Во меѓувреме, врз основа на член 166 став 2 од Деловникот на Собранието пратениците Марјанчо Николов, Јани Макрадули, Радмила Шекеринска и Миле Андонов поднесоа амандман

на член 15 за бришење на точка 8, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 15 за бришење на точка 8 поднесен од пратениците Марјанчо Николов, Јани Макрадули, Радмила Шекеринска и Миле Андонов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе.

Овој амандман, како што беше спомнато е инициран од владиниот амандман, не може да се прифати, затоа што основицата мора да зависи од висинаа на надоместокот на плата, односно боледувањата на работникот не треба да е превисок трошок за работодавачот. А, и работниците треба да се дестимулираат прекумерно да користат боледување.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријават за збор. Благодарам.

По амандманот се пријавија госпоѓата Шекеринска Радмила, господинот Јани Макрадули и господинот Николов Марјанчо.

Има збор госпоѓа Шекеринска Радмила, повелете.

**Радмила Шекеринска:** Благодарам претседателе.

Тестиравме дали има шанси некој од суштинските амандмани да бидат прифатени. За жал, ниту еден од суштинските амандмани, освен оние од технички карактер, не беше прифатен. Не сум оптимист дека и овој пат тоа ќе биде сторено.

Меѓутоа, министерот спомна дека тоа не би било возможно да се спроведе, односно да се вметне и овој амандман. Сметам дека во законот веќе има толку нелогични решенија, што не држи аргуемнтот дека ова отстапува од логиката на Министерството.

Имено, ќе дадам само два аргументи за тоа.

До колку законот биде усвоен онака како што изгледа, тоа значи така како што ни го предложи Владата и така како што го аминува парламентарното мнозинство, еве ги двата директни ефекти:

Првиот директен ефект, што се надевам дека ќе го чуе барем некој пратеник од ВМРО-ДПМНЕ, тоа е дека како резултат на ваквата политика и ваквиот предлог на Владата 241.602 вработени во Република Македонија кои примаат плата помеѓу 17.000 и 28.000 денари од 1 јануари 2009 година ќе примаат помала плата. Значи, бидете свесни дека е ова резултат на вашето гласање. 241.000 вработени за одреден износ со помалку пари ќе се враќаат дома, како резултат на одличната, таканаречена реформа прифатена од страна на Собранието на Република Македонија.

Еве уште едан нелогичност, што ќе биде директен резултат на усвоениот закон. Ајде да разговараме за двајца македонски граѓани, нека бидат Петко и Станко.

Петко, да претпоставиме дека зема 100.000 денари плата.

(Дофрлање од место)

Добро, еве нека биде Ратко, ми дофрлаат некои колеги пратеници. Ратко зимаодлична плата за македонски стандарди 100.000 денари, што ја носи дома. Согласно овој закон Ратко ќе платиоколу 12.000 денари за своето пензиско осигурување, ќе плати исто дополнително уште 4.800 за зфравственото осигурување. Другите помали давачки воопшто не ги пресметувам. Ратко, со 100.000 денари ќе палти придонеси во износ од 16% од парите што ги носи дома. 16%. Запаметете ја таа бројка.

А сега, освен Ратко, кој бил среќник па си заработил 100.000 денари плата, да го погледнеме Станко.

Станко, да претпоставиме, тој се разбира не ечлен на ВМРО-ДПМНЕ , тој е граѓанин кој не може да бара некој привелигиран третман, не може да стане пратеник, не може да стане министер, не може, не дај Боже, да стане државен службеник и да претпоставиме дека работи во некоја индустриска гранка и зема 10.000 денари и среќен е затоа што не зема 4.000 денари, затоа што има и такви што земаат. Е, тој кој има 10.000 плата, тој ќе палти околу 2.000 денари пензиско, ќе плати уште дополнително 800 денари здравствено, другото исто нер го сметам, тој плаќа за придонеси 28% од парите што ги носи дома.

И сега, вие кажете ми дека е ова и логично и фер. Ратко со 100.000 денари плаќа 16%, а Станко плаќа 28% како казна дека прима мала плата од 10.000 денари.

Е, ова се́ двата резултати на вашето денешно гласање. Ќе има вработени со помалку плата, а оние кои имаат големи плати, многу пари, тие ќе одвојуваат помалку во проценти, во нашите фондови. Тука завршува приказната за солидарно здравство, тука завршува приказната за заштита на работниците од стана на ВМРО-ДПМНЕ и тука завршува приказната за фер и правично општество.

Сметам дека денеска, од инает не се прифатија некои добри амандмани. Жалам што и овој амандман, што е значаен за групите за кои што ќе зборуваат понатаму моите останати колеги пратеници, нема да им помогнете дури ни на тие специјални групи. Покажавте дека кога 241.000 вработенис е под удар, вие гласате како што ќе каже, понекогаш шефот, понекогаш министерот. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика господинот Димитровски Ратко, повелете.

**Ратко Димитровски:** Благодарам претседателе.

Бев спомнат и морам да се јавам, иако верувам дека колешката Шекеринска добронамерно ме спомна во тој контекс, заради тоа што ова не се

однесува само за Ратко туку се однесува и за Радмила, се однесува и за Јани и за сите други кои седиме во оваа сала. Се однесува на еден дел што е предложен со овој закон и зафаќањата, односно зафаќањето на давачките по основ на плати.

Ние треба, првенствено што треба да се направи со овој закон, првенствено е дека со овој закон треба да бидат опфатени сите со давачките по основ на плата. До сега, ако добро се сеќавате, односно ако сите се сеќаваме имаше одредени кои не плаќаа ништо, односно немаше никакво зафаќање. Тоа загаќање беше нула. Не беше 16%, не беше 26%, туку беше 0%. Тоа, колешке Шекеринска ние го констатиравме на Комисијата. Тие немаа третман на врботени. Немаа третман на наемни работници. Имаа некој непознат наслов.

Од друга страна, добро сте го пресметале бројот, меѓутоа не ја кажавте симулацијата што ја направи, специјално по наше барање, министерот, односно од Министерството за финансии, дека со овој закон, односно со примената на овој закон се растоварува стопанството, однсоно работодавачите се раастоваруваат и остануваат одредени проценти што работодавачите можат да изберат дали ќе ги дадат за проширување на материјалната основа, дали ќе ги дадат на вработените за плата или пак оние кои се себични ќе ги стават во џеб односно ќе ги искористат за други намени.

Меѓутоа, главната работа што вие не ја кажувавте, што се сложивме сите, односно и сега се согласуваме сите дека ќе бидат опфатени од најмалите до најголемите плати и дека со тоа сите фондови, дали се тоа пензискиот, за здравство, Фондот по основ на вработување и по основ на невработеност, сите ќе можат да имаат придонеси буквално од секој вработен. Да не биде како што беше праксата до сега некои да плаќаат, се согласувам со вас 2-3 пати повеќе од другие, но некои не плаќаа воопшто ништо. Благодара.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Контра реплика госпоѓа Шекеринска Радмила, повелете.

**Радмила Шекеринска:** Сакам да им се извинам на граѓаните кои не гледаат заради тоа што еве, господинот Ратко кој се најде повикан, а не го спомнував него и господинот претседател на Собранието слатко се смееја кога соопштував дека 240.000 вработени во Македонија, како резултат на овој закон ќе имаат помала плата...

**Трајко Вељаноски:** Се извинувам погрешни впечатоци имате.

**Радмила Шекеринска:** И тоа нека ви служи на чест...

**Трајко Вељаноски:** Вам нека ви служи на чест затоа што погрешни впечатоци имате.

**Радмила Шекеринска:** Господине претседателе,

Бидејќи користите претседателе мое време, ќе ми дозволите да се доискажам.

Господинот пратеник не спореше со двете тези. Значи, тезата број 1 - вработени ќе имаат помалку плата заради овој закон и тезата број 2 - дека вработените со големи плати ќе бидат привелигирани.

Јас знам дека на господинот пратеник и кога нема да биде пратеник приходите ќе му бидат добри. И, нема да се најде засегнат од законот. Меѓутоа, претставувате граѓани што навистина повеќе заработуваат по 10.000 отколку по 100.000 денари. Во нивно име сметам дека е редно, редно беше да се подржат некои од амандманите што тоа ќе го спречат.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Реплика има ...

(Реакции од место дека нема право на реплика).

Се извинувам, за збор.

(Реакциите продолжуваат)

По амандманот, извинете.

(Реакциите продолжуваат).

Извинете, се однесува за амандманот.

По амандманот, има право како предлагач да се пријави во секое време, согласно Деловникот.

Има збор министерот за финансии.

**Трајко Славески:** Ако може, јас барав реплика...

**Трајко Вељаноски:** Не може реплика, затоа што измина време.

**Трајко Славески:** Се откажувам.

**Трајко Вељаноски:** Има збор господинот Макрадули Јани, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претсеадтеле.

Во текот на расправата Валдата поднесе амандман со што го промени членот 15, односно со исклучок основицата за одредени групи ја постави во однос на приходите што се добиваат во тој период, за разлика од генералната основица 50% од нето исплатената палта.

Со нашиот амандман предлагаме исклучок од исклучокот на Владата или да се изземе од исклучок, да биде точката 8, однсоно надоместок за плата за време на привремена спреченост за работа поради болест и повреда и отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство за корисник на паричен надоместок.

Имено, ако добивате плата што е исклучок, односно помалку од 50% од основицата што се пресметува за плаќање на придонеси и добивате, да речеме, 7000 денари, вие ќе плаќате придонеси за она што го добивате, односно за тие 7000 денари. Штом плаќате помалку, тогаш помалку пари ќе влегуваат и во пензиско и во здравствено и во Агенцијата за вработување. Односно, ни крив ни должен, некој кој е болен и отсуствува од работа или заради породилно отсуство раѓање и мајчинство, вие ќе му ја намалите пензијата за периодот што отсуствувал.

Мислам дека вакво трик решение, што го уфрливте во текот на расправата дополнително ќе загрози многу категории на луѓе. Не ми се верува дека, ако имате идеа да се заштити или

злоупотребат од преголемо користење на боледувања од страна на луѓе, дека тоа ќе има некој ефект. Напротив, мислам дека непотребно, за луѓе кои користат боледување или се на породилно отсуство да добиваат помалку пензија за периодот за кој отсуствувале.

Мислам дека со тоа ќе се усложни целиот систем, мислам дека ќе се оштетат граѓаните во Република Македонија и дека оди во прилог на намалување на правата во Република Македонија. Владата, од една страна води, за мене, апсолутно една катастрофална политика за промена на демографската структура што ги тера жените да раѓаат, а од друга страна за периодот кога ќе користат породилно отсуство, пензијата што после ќе им се пресметува ќе биде помала. Ова е уште еден доказ дека Владата има две лица или води лицемерна политика во различни области. Едно зборува на избори во кампања, а друго е во пракса.

Зошто ги терате жените да раѓаат трето и четврто дете, демек, ќе им дадете некој надоместок, а од друга страна, за периодот што се на породилно, ќе им ја одземате вредноста што после ќе влезе во калкулирањето на пензијата.

Мислам дека од двојни аршини граѓаните на Република Македонија се заморени. Политиката што вака се води, не оди добро за државата. Кратење на права на било кого во Република Македонија не подржуваме и затоа го поднесовме овој амандман да луѓе, кои навистина отсуствуваат поради болест или кои навистина отсуствуваат заради бременост, раѓање или мајчинство, не заслужуваат да им бидат скратени правата и да добиваат пензија за тој период кога се или на породилно или се на боледување. Благодара.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Николов Марјанчо, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам претседателе.

Сосема накратко. Имено колегата Јани Макрадули ја објасни суштината на амандманот со кој Владата на некој начин ги намалува правата на оние кои што користат боледување или не одат на работа поради мајчинство, бременост итн.

Според досегашното законско решение за овие лица се плаќаат придонеси на минимум 65% од просечната плата.

Во првичниот предлог што го достави Владата стоеше дека тоа ќе остане така односно дека сега ќе се плаќа на 50%.

Денес пред да почне седницата Владата поднесува амандман во кој буквално за сите категории кои по некој основ отстапуваат од редовен работен однос, значи индивидуален земјоделец, боловање, мајчинство итн, им се утврдуваат основици на надоместокот што го земаат, да речеме ако е понизок од просечната плата, под 7500 денари, тие на некој начин се обесправени или оштетени со тоа што придонесите што ќе им бидат уплатени за времето додека се отсутни поради бременост и мајчинство ќе бидат помали и тоа ќе се одрази на пензијата која треба да ја земаат.

Тука се поставува прашањето каде се вклопува кампањата на Владата за трето и четврто дете, како сега Владата ќе ги стимулира идните мајки кои се во работен однос, да имаат второ, трето и четврто дете, кога им ги намалува придонесите кои треба да ги земат. Се создава простор, некој работодавач, ако некој од вработените треба да отсуствува од работа поради бременост и мајчинство, да ја прераспредели на работно место додека тој плаќа придонеси, што е под просечната плата. Навистина две контрадикторни работи од страна на Владата. Од една страна велиме да го вратиме семејството, вредностите на семејството, да имаме многудетни семејства, да ја вратиме традицијата на семејно живеење во Република Македонија, а од друга страна им ги укинува правата на бремените мајки, или на оние кои ќе донесат поколение на овој свет. Не е во ред господине министре. Можете да направите исклучок барем за оваа категорија на граѓани. Навистина тогаш ќе бидете доследни и на она што го промовирате, меѓутоа она што е поважно, ќе бидете доследни и на она што го правите. Вака се повеќе и повеќе станувате контрадикторни во она што го најавувате и она што го правите. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 60 пратеници, од нив за амандманот гласаа 14, воздржани 3, против 43 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 15 за бришење на точка 8, поднесен од пратениците, Марјанчо Николов, Радмила Шекеринска и Миле Андонов.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по текстот на Предлогот на законот да се пријават за збор.

Благодарам.

По текстот на Предлогот на законот за збор се пријавија господинот Јани Макрадули и господинот Горан Мисовски.

Има збор господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе, почитуван министре, колешки и колеги пратеници,

Се обидовме денес пратеничката група на СДСМ со амандмани да го подобри ова решение од една страна и да ги заштити работниците од

друга страна. За жал, тоа парламентарното мнозинство не го дозволи. Да резимирам.

Законскиот проект што го имаме денес од Владата освен што го дефинира работникот како обврзник да плаќа придонеси, ама по дефиниција, тоа во имплементацијата не му го овозможува, а од друга страна му воведува санкции за нешто за тој што не е надлежен. Ако зборуваме за реална бруто плата, таа може да се имплементира на три начини, а тоа е јас како работник да добијам бруто плата и сам да си ги плаќам придонесите, рековме дека е лошо, во услови кога економијата е лоша и платите се мали, ќе штедат на полнење на пензискиот и здравствениo фонд граѓаните и тоа може да доведе до катастрофални последици, може работникот да го овласти работодавачот тој да ги плаќа придонесите во негово име, или да ја задолжи банката што на неговата трансакциска сметка пристигнува бруто плата, банката, како што е најдобро решение да ги плаќа придонесите. За жал, денешниот закон вели работникот е обврзник, но тој нема повеќе никакво право освен што ако случајно не го искодоши работодавачот, за тоа да го казни некој 1000 евра казна.

Второ, со овој законски проект богатите луѓе односно овој законски проект ќе го зголеми јазот меѓу богатите и сиромашните затоа што луѓето кои добиваат плата над 60000 денари ќе плаќаат помалку придонеси од оние луѓе што добиваат 10000 денари плата. Така што ниту ќе се зголеми за 4% вработеноста, како што најави министерот, нема да се заштитат вработените затоа што немаат обврска сега работодавачите да ја внесат храната и превозот во рамки на платата и нема да се овозможи нови работни места. Реков само ќе се зголеми јазот меѓу богатите и сиромашните, 52,7% вработени луѓе во Република Македонија во јануар месец 2009 година ќе земат помала плата, а работодавачите кои нема да исплатат храна и превоз ќе си остварат поголем профит. Нема политичка волја во Владата за дијалог со синдикатот заеднички да ги решаваат овие работи, а како завршница Владата се реши жените кои ќе користат породилно отсуство, заради тоа што се на породилно отсуство добиваат помала пензија. Мислам дека лицемерието се покажа и во гласањето на жените колешки овде во Собранието. Можеби сакаат во парламентарниот клуб сите да бидат претседателки, ама тоа се гледа кога треба да гласате и против Владата, а во интерес на жените во Република Македонија. Јас сум бил прв потписник на амандманот жените да бидат со 30% застапени на локалните избори.

Трагично е кога се трошат милиони евра за реклами, за стимулирање на раѓање на трето и четврто дете, жените од парламентарното мнозинство да гласаат против амандманот со кој се бара, она што го имаат и другите категории кога се на породилно, а придонесите да важат на 50% од просечната плата. Сега ова лицемерие ќе го видиме во чинот на гласањето на овој закон.

Пратеничката група на СДСМ не може да го поддржи овој закон, ќе гласа воздржано зошто ќе го зголеми јазот меѓу богатите и сиромашните, дискриминаторски е во однос на жените во Република Македонија и 240 илјади луѓе ќе земаат помалку плата во јануари 2009 година. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Горан Мисовски, повелете.

**Горан Мисовски:** Благодарам претседателе.

Сакам да ја искористам оваа прилика да му се заблагодарам на министерот за финансии, господинот Трајко Славески што користејќи ја репликата на госпоѓа Радмила Шекеринска ми одговори на она што го барав од него како дополнително образложение, во врска со генерациската солидарност.

Јас почитуван министер го почитувам вашето образложение, но не успеавте да ме убедите. Можеби тоа и не е многу важно, но многу поважно беше да успеевте да ги убедите граѓаните, идни пензионери, да го убедите синдикатот. Впрочем една од најглавните забелешки на синдикатот беше токму за концептот на напуштање на структурата на пензиското и инвалидското осигурување и за менување на употребата на терминот во членот 5 - тековна исплата.

Применувајќи го терминот тековна исплата, уште еднаш потенцирам дека би можело да подразбира и финансирање на пензискиот систем од даноци, дека пензиите во некое идно време нема да бидат поврзани со платите. Немојте да дозволите некои идни пензионери да се потсеќаат на лошото законско решение на Владата на ВМРО-ДПМНЕ кога наместо пензии ќе примаат социјална помош.

Вие министре за да ме убедите мене и граѓаните на Република Македонија, имавте деловничка можност да интервенирате и терминот тековна исплата да го заменевте со генерациска солидарност. Тогаш и јас ќе гласав.

На крајот, почитуван министер мислам дека вие не одговоривте на две клучни прашања, прво како ќе живее системот после 20, после 30 години, второ, какви пензии ќе примаат нашите деца и дали воопшто редовно ќе ги примаат, затоа што уште од сега им се поткопува еднаквост со идните генерации.

Овој закон, пратениците од НСДП нема да го поддржат, ќе гласаат воздржано затоа што сметаме дека законот не е добар. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 66 пратеници, од нив за Предлогот на законот гласаа 56, воздржани 10, против немаше ниеден пратеник.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување.

Тука ја прекинувам седницата.

Продолжуваме утре во 13,00 часот со истата седница.

(Седницата прекина со работа во 17,48 часот)